# „ФРАНЦУСКИОТ ПРЕДЛОГ“: ГОВОР НА ОМРАЗА, ДЕЗИНФОРМАЦИИ, МЕДИУМСКИ МАНИПУЛАЦИИ

**- медиумски анализи -**

# „ФРАНЦУСКИОТ ПРЕДЛОГ“:

# ГОВОР НА ОМРАЗА, ДЕЗИНФОРМАЦИИ, МЕДИУМСКИ МАНИПУЛАЦИИ

## - медиумски анализи -

**Издавач:**

Институт за медиуми и аналитика ИМА Скопје

**Уреднички одбор:**

Петрит Сарачини, претседател на ИМА

Зоран Бојаровски, уредник на изданија

Жарко Трајаноски, уредник на истражувања

**Автори:**

Зоран Бојаровски

д-р Катерина Колозова

Жарко Трајаноски

д-р Сефер Тахири

Петрит Сарачини

**Дизајн:**

Јане Стефанов

**Печати:** Печатница Дуле 99 Стил

**Тираж:** 50 примероци

*Оваа публикација е продуцирана со поддршка на Европскиот фонд за демократија (ЕФД). Нејзините содржини не го одразуваат официјалното мислење на ЕФД. Одговорноста за информациите и ставовите изразени во оваа публикација е целосно на авторот(ите).“*

# СОДРЖИНА

ВОВЕД ... 5

**ЗОРАН БОЈАРОВСКИ**
ЕКСПЛОЗИЈА НА ГОВОР НА ОМРАЗА ЗА ВРЕМЕ НА ЈАВНАТА ДЕБАТА ЗА „ФРАНЦУСКИОТ ПРЕДЛОГ“ ... 7

**ЖАРКО ТРАЈАНОСКИ**
ДЕЗИНФОРМАЦИИ, МЕДИУМСКИ МАНИПУЛАЦИИ И ТЕОРИИ НА ЗАГОВОР ЗА „ФРАНЦУСКИОТ ПРЕДЛОГ“ ... 25

**СЕФЕР ТАХИРИ**
КАКО ИЗВЕСТУВАА МЕДИУМИТЕ НА АЛБАНСКИ ЈАЗИК ЗА „ФРАНЦУСКИОТ ПРЕДЛОГ“? ... 41

**ПЕТРИТ САРАЧИНИ**
ПРЕГОВОРИ СО ЕУ И БУГАРИЈА: МЕДИУМСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ ЈА ПОДДРЖУВААТ БОРБАТА ПРОТИВ ГОВОРОТ НА ОМРАЗА, КРИТИКИ ЗА НАЧИНОТ НА СПРОВЕДУВАЊЕ И ТРАНСПАРЕНТНОСТА ... 47

**КАТЕРИНА КОЛОЗОВА**
ПАТОТ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА КОН ЕУ Е ПОД ЗАКАНА ОД НЕОЧЕКУВАН АКТЕР ... 58

# Вовед

Публикацијата „Францускиот предлог“: Говор на омраза, дезинформации, медиумски манипулации (медиумски анализи) е дел од проектните активности на Институтот за медиуми и аналитика ИМА, поддржани од Европскиот фонд за демократија (European Endowment for Democracy) од Брисел.

Анализите поместени во оваа публикација се придонес на ИМА за унапредување на демократијата и владеењето на правото, за унапредување на човековите права во јавните комуникации, за развој на критичкото мислење и дебатирање во медиумите, за промовирање на медиумска писменост и етичко новинарство.

Авторските текстови во публикацијата имаат за цел да укажат на потребата од намалување на штетите од говорот на омраза, да го разобличат дискриминаторскиот говор и да ги детектираат наративите со дезинформации во медиумите.

Во анализата „Експлозија на говор на омраза за време на јавната дебата за ‘францускиот предлог’“, авторот Зоран Бојаровски тргнува од фактот дека дневно-политичката дебата за таканаречениот „француски предлог“ за надминување на спорот со Бугарија и ветото за почеток на преговорите на Северна Македонија за членство во Европската унија, го разгоре говорот на омраза во јавноста, медиумите и на социјалните мрежи.

Ваквите појави добија ветер во едрата токму во време кога тензиите во овој процес ја достигнуваа својата кулминација. Оваа анализа ги идентификува карактеристиките и елементите на говорот на омраза што преовладува во јавниот дискурс и како тие се пресликуваат во актуелниот комуникациски амбиент во земјата во контекст на предложената рамка за отворање на преговорите за пристапување на Северна Македонија во ЕУ, односно „францускиот предлог“, како што широко беше прифатено во јавниот дискурс.

Во анализата „Дезинформации, медиумски манипулации и теории на заговор за ‘францускиот предлог’“, авторот Жарко Трајаноски укажува на тоа дека „францускиот предлог“ предизвика плима од дезинформации, медиумски манипулации и теории на заговор во медиумите и јавните комуникации во земјата, и дека сето тоа негативно влијаеше на јавната дебата, која беше поларизирана и обременета со говор кој поттикнува омраза, нетрпеливост, напати и насилство.

Анализата на Трајаноски ги презентира главните наративи што содржеа дезинформации со цел да кренат социјална паника, да поттикнат недоверба

кон институциите, да поттикнат омраза, нетрпеливост и поларизација во општеството. Дел од тие наративи беа насочени кон предизвикување на политичка дезориентација и дестабилизација во функција на политичка мобилизација за да се предизвика промена на централната власт.

Д-р Сефер Тахири во анализата „Како известуваа медиумите на албански јазик за ‘францускиот предлог’?“ укажува дека медиумите на албански јазик имаа претежно афирмативно известување за „францускиот предлог“. Авторот се задржува и на случаите на сензационалистичко известување, како и на медиумските содржини со дезинформации. Како посебно индикативни за дебатата, Тахири ги анализира медиумските објави за време на протестите организирани од македонската опозиција, во кои медиумите на албански јазик се фокусираа на нивното антиалбанство и го потенцираа поттикнувањето на меѓуетничка омраза што се појави на овие протести.

Дел од оваа публикација е и прегледот на ставовите на медиумските организации кои внимателно ја следеа работата и известувањето на медиумите за дебатата за „францускиот предлог“. Петрит Сарачини од претставниците на овие организации побара одговори во врска со третирањето на говорот на омраза во преговарачката рамка со ЕУ, и особено во протоколот за спроведување на Договорот за добрососедство и пријателство со Бугарија.

Во однос на третирањето на говорот на омраза во контекст на преговорите со ЕУ и исполнувањето на Договорот за пријателство со Бугарија, професионалните и експертски медиумски организации во земјава се залагаат за целосна поддршка за борбата против говорот на омраза. Истовремено, тие изразија резерви во однос на начинот на спроведување, дефинициите и правните механизми што ќе се употребуваат во таа борба, за транспарентноста и за ефикасноста на постојните механизми во целиот процес, како и за можностите за злоупотреба за нарушување на слободата на изразување.

Во текстот на д-р Катерина Колозова „Патот на Северна Македонија кон ЕУ е под закана од неочекуван актер“ се анализираат некои од поважните карактеристики на дебатата за „францускиот предлог“. Во анализата Колозова предупредува и на опасноста што голем дел од македонското граѓанско општество и се придружи на десницата во отфрлањето на договорот со Софија и Брисел.

*Институт за медиуми и аналитика ИМА Скопје*

# 1. ЕКСПЛОЗИЈА НА ГОВОР НА ОМРАЗА ЗА ВРЕМЕ НА ЈАВНАТА ДЕБАТА ЗА „ФРАНЦУСКИОТ ПРЕДЛОГ“

Пишува: ЗОРАН БОЈАРОВСКИ

Дневно-политичките актуелности и развојот на преговорите со таканаречениот „француски предлог“ за надминување на спорот со Бугарија и ветото за почеток на преговорите на Северна Македонија за членство во Европската унија, повторно го разгореа говорот на омраза во јавноста, медиумите и на социјалните мрежи. Ваквите појави добија ветер во едрата токму во време кога тензиите во овој процес ја достигнуваа својата кулминација. Оваа анализа ги идентификува карактеристиките и елементите на говорот на омраза кој преовладува во јавниот дискурс и како тие се пресликуваат во актуелниот комуникациски амбиент во земјата во контекст на предложената рамка за отворање на преговорите за пристапување на Северна Македонија во ЕУ, односно „францускиот предлог“ како што широко беше прифатено во јавниот дискурс.

## Еволуцијата на говорот на омраза

Говорот на омраза и дезинформациите, како алатки на пропагандата, го поларизираат јавното мислење, промовираат насилен екстремизам и дела од омраза, ги поткопуваат демократиите и ја намалуваат довербата во политичките лидери, институциите и демократските процеси.

Според повеќе дефиниции, говорот на омраза, како средство на пропагандата, во сите свои форми на изразување има за цел да шири, поттикнува, промовира или оправдува меѓуетничка омраза, расна омраза, ксенофобија, антисемитизам или други форми на омраза засновани на нетолеранција.

Сите овие влијанија вклучуваат нетолеранција изразена со агресивен национализам и етноцентризам, дискриминација и непријателство кон определени таргетирани групи, кон малцински групи како и кон останатите категории на маргините на општеството.

За жал, сè почесто се регистрираат случаи на насилство или на кривични дела од омраза[1], како резултат на дезинформациите и говорот на омраза.

Ова е глобален феномен, но праксата покажува дека нашиот регион и нашата држава се многу плодна почва за овие влијанија. Искуствата покажуваат дека македонското општество е посебно ранливо на говор на омраза и дезинформациите, при што во последните 10 години е забележан тренд на континуитет и на фокус на одредени процеси или целни групи.

Во таа насока кампањите со говор на омраза се насочени кон поттикнување

[1] Хелсиншки комитет за човекови права, објава на официјалната Фејсбук страница, 22.07.2022

на внатрешните конфликти, особено меѓу заедниците на етничките Македонци и етничките Албанци, кон наштетување на меѓународните односи на Северна Македонија, особено кон соседите Бугарија, Грција и ЕУ.

**Дневно-политичките актуелности и нивната динамика диктирана од развојот на процесите кои се дел од преговарачките напори за надминување на спорот со Бугарија, околу ветото за почеток на преговорите и т.н. „Француски предлог“ повторно ги разгорea јавното мислење, медиумите и социјалните мрежи со говор на омраза. Ваквите појави добија ветер во едрата токму во време кога тензиите во овој процес ја достигнуваа својата кулминација.**

Дневно-политичките актуелности и нивната динамика диктирана од развојот на процесите кои се дел од преговарачките напори за надминување на спорот со Бугарија, околу ветото за почеток на преговорите и т.н. „Француски предлог“ повторно ги разгорea јавното мислење, медиумите и социјалните мрежи со говор на омраза. Ваквите појави добија ветер во едрата токму во време кога тензиите во овој процес ја достигнуваа својата кулминација.

Другата цел, кон која се насочени кампањите со говор на омраза, се клучните политички процеси во земјата како што беше референдумот од септември 2018 година за промена на името на државата, како резултат на Договорот од Преспа, кој исто така беше мета на организирана кампања со говор на омраза и дезинформации.

Посебно изразен интензитет и системска организираност кај кампањите со говор на омраза и дезинформации се препознава кога на мета на проблематизирање се стратешките прашања за Северна Македонија во меѓународното позиционирање на земјата како што се членството во НАТО и ЕУ.

За време на пандемијата со ковид-19, кампањата со дезинформации беше придружена и со говор на омраза.

Низ сите овие процеси, се покажа дека говорот на омраза и дезинформациите наоѓаат исклучително податлива средина во Република Северна Македонија, како прилично поларизирано општество, каде што нивото на слобода на медиуми и политичка култура сѐ уште се резултат од последиците од периодот на заробената држава и непрекинатата популистичка пропаганда за време на владеењето на Никола Груевски.

Оваа анализа тргнува од идентификувањето на типичните карактеристики и елементи на говорот на омраза кој преовладува во јавниот дискурс, медиумите и на социјалните мрежи и како тие се пресликуваат во актуелниот комуникациски амбиент во Северна Македонија во контекст на Општиот став на министерски состанок на меѓувладината конференција за завршување на отворањето на преговорите за пристапување на Северна Македонија во Европската Унија[2], односно „францускиот предлог“ како што широко беше прифатено во јавниот диксурс во земјата.

Анализата е направена врз основа на евалуацијата на медиумскиот пејзаж и

[2] Општиот став на министерски состанок на меѓувладината конференција за завршување на отворањето на преговорите за пристапување на Северна Македонија во Европската Унија („Француски предлог“), објавен на интернет страницата на Владата, на 6.07.2022 година

конкретни примери на медиуми и комуникацијата на темата „француски предлог“ за Преговарачката рамка за Северна Македонија за почеток на преговорите со ЕУ во периодот од 4 до 16 јули кога Собранието ги прифати заклучоците на Владата. Дополнително се користени секундарни извори како што се извештаите за следење и одлуките на регулаторните органи, саморегулаторните тела, платформи за проверка на факти и претходни истражувања за медиуми за говор на омраза и дезинформации, како и со интервјуа со релевантни извори и експерти за говор на омраза и дезинформации.

## Изворите на говор на омраза и дезинформации не се само во странство, ги имаме и дома

Како бекграунд, кога станува збор за говорот на омраза и за дезинформациите како алатки на пропагандата во случајот на Северна Македонија, треба да се има предвид студијата на Европскиот парламент објавена во 2021 година, „Mapping Fake News and Disinformation in the Western Balkans and Identifying Ways to Effectively Counter Them“[3]. Во неа е изведен заклучок дека „иако говорот на омраза и дезинформациите се земаат во контекст на надворешните закани за функционирањето на владеењето и демократијата, оваа студија покажува дека странските актери не се најистакнатите виновници. Повеќето луѓе, медиуми и организации кои произведуваат говор на омраза и шират дезинформации се внатрешни“ (Дискриминација, нетрпеливост и говор на омраза во „Миленко Неделковски шоу“[4]).

**Странските актери не се најистакнатите виновници. Повеќето луѓе, медиуми и организации кои произведуваат говор на омраза и шират дезинформации се внатрешни**

Покрај тоа, оваа студија укажува дека „овие феномени се повеќе симптом отколку причина и дека се резултат на низок степен на општествена кохезија и демократското владеење“.

Овие укажувања треба да се земат како сериозна основа за да се воспостави најточна дијагноза за причините за нагласено високиот степен на говор на омраза, кој во многу случаи има екстремни и загрижувачки форми и последици (Опожарен центарот „Ванчо Михајлов“ во Битола[5], Скврнавење на споменикот за бугарските туристи во Охрид[6]), и доколку, освен со анализите од овој тип, како и бројните констатации, се тргне во потрага по најсоодветниот одговор за справување со оваа појава која нанесува сериозни штети и се шири како канцер низ виталните ткива на општествениот организам.

Ова дотолку повеќе, ако се земат предвид дополнителните укажувања што произлегуваат од студијата на Европскиот парламент, кои констатираат дека

[3] Mapping Fake News and Disinformation in the Western Balkans and Identifying Ways to Effectively Counter Them, објавена на 23.02.2021 година на интерне страницата на Европскиот Парламент

[4] Дискриминација, нетрпеливост и говор на омраза во „Миленко Неделковски шоу“, Вонреден надзор на АВМУ објавен на 13.03.2018 година

[5] Опожарен центарот „Ванчо Михајлов“ во Битола, објавен на 04.06.2022 година на ТВ Телма

[6] Скврнавење на споменикот за бугарските туристи во Охрид, објавен на интернет страницата Злосторства од омраза на 27.11.2020 година

интензитетот и острицата на ксенофобичните кампањи, поттикнати и од домашни и од странски актери, се особено понагласени во земјите каде што постојат поделби за одредени прашања по етничка линија, како што се Босна и Херцеговина и Северна Македонија, како и во земјите каде што има владини коалиции со тесно мнозинство, кои се особено податливи и ранливи на вмешување од одредени геополитички позиции на трети страни.

На загрижувачките последици од говорот на омраза што ги таргетира меѓуетничките состојби предупредува и претседателот на Северна Македонија Стево Пендаровски во интервјуто за неделникот Фокус од 28 јули 2022 година[7].

„Меѓуетнички судири и тензии се јавуваат кога политичките актери ќе ја засилат националистичката реторика и тоа е работа која најмногу ме загрижува. Не дека Македонија ќе се распадне ако останеме надвор од ЕУ, ниту ќе има сериозна дестабилизација заради тој факт, но не е добро да постојат политички фактори кои манипулираат со националните чувства на граѓаните“, посочува Пендаровски.

Тој укажува дека запаливата реторика кон останатите може да предизвика инциденти: „Јас се сеќавам на раните 90-ти години, кога ниту тогашното ВМРО-ДПМНЕ не одеше со таква запалива реторика кон останатите. Ние имаме реторика кон Албанците која е невидена, потоа имаме антизападна, антиамериканска, антигрчка, антибугарска реторика на невидено ниво и се плашам дека некои нови генерации поведени од реториката на политичарите можеби ќе сакаат да испровоцираат инциденти“.

Пендаровски предупредува дека се опасни обидите да се добијат политички поени со запалива реторика и ја споредува денешната со ситуацијата од 2001 година.

„...Немаше ни близу таква реторика во 2001 година, кога имавме војна. Можеш да се обидеш да добиеш поени со таква реторика, но тоа е опасно. Ние првпат во 30 години независна држава имаме пратеник актуелен да зборува за стрелање, за сечење глави. Тоа не може да биде легитимно политичко искажување. Што ако луѓето кои излегла да протестираат на улица помислат дека тоа навистина е решение за некои проблеми?“, истакнува претседателот Пендаровски во интервјуто за политичкиот магазин „Фокус“.

Бидејќи доаѓа од Европскиот парламент, студијата „Mapping Fake News and Disinformation in the Western Balkans and Identifying Ways to Effectively Counter Them“[8] посебно се осврнува на дејствијата на домашните и странските актери во земјите на Западен Балкан, кои користат говор на омраза и дезинформации за да го поткопаат кредибилитетот на Европската унија во регионот.

Студијата наведува дека во напорите за дискредитација на ЕУ доминира Русија, која одржува широка инфраструктура на медиумска манипулација низ целиот регион.

[7] Интервјуто на претседателот Пендаровски за неделникот Фокус од 28 јули 2022 година

[8] Mapping Fake News and Disinformation in the Western Balkans and Identifying Ways to Effectively Counter Them, објавена на 23.02.2021 година на интерне страницата на Европскиот Парламент

## Говор на омраза и дезинформации како Ц4 експлозив за столбовите на општеството

Анализите покажуваат дека пропагандните центри, домашните и оние во странство на исток, имаат идентификувано 4 столбови, на кои се потпира и на кои функционира македонското општество. Тоа се:

- Меѓуетничките односи;
- Соседските односи;
- Врските со ЕУ и НАТО и
- Критичните политички процеси поврзани со иднината и равојот на земјата – по правило изборните процеси.

Токму тие се цели на пропагандата со говор на омраза и дезинформации.

**Посебно изразен интензитет и системска организираност се препознава кај кампањите со говор на омраза и дезинформации, коишто се насочени кон проблематизирање на стратешките прашања за Северна Македонија за меѓународното позиционирање на земјата, како што се членството во НАТО и ЕУ.**

Посебно изразен интензитет и системска организираност се препознава кај кампањите со говор на омраза и дезинформации, коишто се насочени кон проблематизирање на стратешките прашања за Северна Македонија за меѓународното позиционирање на земјата, како што се членството во НАТО и ЕУ.

Ова е сосема разбирливо, ако се има предвид дека многу од клучните прашања на политичката агенда за иднината на Република Северна Македонија зависат или произлегуваат од трајното решавање на овие две стратешки цели. Оттаму, токму тие се легитимна цел, како што изјави еден руски амбасадор[9], на пропагандата, која вклучува говор на омраза и дезинформации.

Употребата на говорот на омраза и дезинформациите, како дел од пропагандата против референдумот за промената на името на земјата многу прецизно и сеопфатно ги анализира Жарко Трајаноски во серијата анализи „Руската пропаганда во Македонија во 2018: „Единствена Македонија“ како „пионче“ на „Единствена Русија“[10], „Руската пропаганда со дезинформации во Македонија пред референдумот во 2018“[11] и „Руската пропаганда во Македонија по референдумот до зачленувањето во НАТО“[12].

Како еден од сублиматите во неговите анализи, во кои тој прецизно ги посочува протагонистите на пропагандата и содржината на говорот на омраза во овој клучен период од современата историја на Северна Македонија, Трајаноски заклучува дека „таквата застрашувачка пропаганда, несомнено поттикнуваше сомнеж и недоверба кон демократските институции и власта, која водеше позитивна кампања

[9] Русија ќе ѝ возврати на Македонија со промислен одговор, објавено на DW на македонски на 29.03.2018
[10] „Руската пропаганда во Македонија во 2018: „Единствена Македонија“ како „пионче“ на „Единствена Русија“, објавен на Вистиномер, на 05.04.2022
[11] „Руската пропаганда со дезинформации во Македонија пред референдумот во 2018“, објавен на Вистиномер на 12.04.2022
[12] „Руската пропаганда во Македонија по референдумот до зачленувањето во НАТО“, објавен на Вистиномер на 20.04.2022

за референдумот. Пропагандните кампањи со хаштагот #Бојкотирам создаваа поларизација на „патриоти“ и „предавници“, го радикализираа политичкиот дискурс и поттикнуваа негативни чувства и омраза кон „предавниците“. Кампањите со дезинформации и конспирации што предизвикуваа страв, недоверба, несигурност и поттикнуваа непријателство и говор на омраза, се покажаа како моќно оружје – за пасивизација на гласачите, за поткопување на референдумот како демократски процес, и за зајакнување на недовербата кон ЕУ и НАТО во Македонија“.

## Еволуција на балканскиот говор на омраза со „француски акцент“

Последната пропагандна канонада со говор на омраза се случи во контекст на „францускиот предлог“ за деблокирање на процесот за преговори за членство на Северна Македонија во ЕУ. Канонадата со говор на омраза[13] доживеа кулминација за време на собраниската расправа по заклучоците на Владата за текстот на преговарачката рамка, а веднаш потоа и за протоколот со Република Бугарија, како и за декларацијата за македонскиот јазик.

Овој текст како посебно значајни за анализа ги зема аспектите на говорот на омраза, кој од улиците за време на протестите и од социјалните мрежи, се префрли во Собранието (Улична дебата во Собранието: Пратениците од СДСМ се изроди, а тие од ВМРО-ДПМНЕ се за лекување во Демир Хисар)[14], како и аспектите на сè поизразен говор на омраза и поделби на внатрешен план помеѓу двете најголеми етнички групи (Бесот од францускиот предлог се истура врз соживотот)[15].

Но, пред да ја анализираме еволуцијата на балканскиот говор на омраза со „француски акцент“ на третиот слог одзади, да провериме што велат прирачниците за пропаганда за употребата на говорот на омраза и дезинформациите (Hate and propaganda models of media and communication in the Western Balkans and Turkey)[16].

Во однос на содржината, прирачниците велат дека е препорачливо системско производство медиумски пакети со говор на омраза во „новинарски“ текстови, извештаи, коментари, наслови, визуелни содржини (фотографии, илустрации, видео), симболи, посебно креирани пораки кои поттикнуваат омраза против целни групи и поединци, клеветнички тврдења, предрасуди и дискриминаторски говор.

Звучи познато, нели?

Како познато, веќе видено и исклучително опасно го оцени и Институтот за медиуми и аналитика ИМА, кога во текстот „Се интензивира говорот на омраза по повеќе основи: Пак ечи „Клетите Шиптари“[17] и предупреди дека „говорот на омраза е закана за мирот и безбедноста на општеството и дека медиумите, граѓанското општество, но пред сè надлежните институции, мора да сторат сè што е во нивна моќ за да го спречат неговото ширење и неговата употреба како метод во политичките битки“.

[13] Резултати од пребарувањата со клучниот збор „омраза“ на порталот Република

[14] Улична дебата во Собранието: Пратениците од СДСМ се изроди, а тие од ВМРО-ДПМНЕ се за лекување во Демир Хисар, објавено на порталот Макфакс на 15.07.2022

[15] Бесот од францускиот предлог се истура врз соживотот, објавено на порталот Призма на 07.07.2022

[16] Hate and propaganda models of media and communication in the Western Balkans and Turkey, објавено на порталот на SEENPM на 27.11.2020

[17] „Се интензивира говорот на омраза по повеќе основи: Пак ечи „Клетите Шиптари“, објавено на порталот на ИМА на 14.07.2022

Сето тоа, силно дополнето со заплашување, вознемирување и дезинформации, манипулација со факти и слики, ревизионизам на историски факти, брутално негативни, клеветнички кампањи против таргетирани цели, ширење неоснован страв, доминира како наратив во овие медиумски и комуникациски платформи.

Цели на таквата содржина се поединци или групи припадници на противнички политички партии, етничките, верските и сексуалните заедници, соседните народи, малцинските заедници како мигранти, бегалци и баратели на азил, Роми, муслиманите, Евреите, политичките или идеолошките противници, критичките новинари и медиуми (ЗНМ: Зачестени напади врз новинари, надлежните итно да постапат по пријавите)[18], критички ориентираните јавни личности и активисти на граѓанското општество, членови на академската заедница и застапници на мултикултурни општества, феминистки, бранители на човекови права, еколошки организации и активисти, Џорџ Сорос, ЕУ (Со кои пораки беше пречекана Урсула Лајен во Собранието)[19] и другите меѓународни актери кои застапуваат критички ставови.

И ова звучи познато.

Како пример за еден таков континуиран напад со говор на омраза и закани со насилство Институтот за медиуми и аналитика опиша во текстот „Говор на омраза и непримерни напади кон професорката Колозова за објавени лични ставови“[20].

Откако професорката Катерина Колозова на својот Фејсбук профил објави мислење[21] за контроверзна тема, уследи не само лавина од реакции и недолични коментари[22], туку и напади со екстремен говор на омраза кон неа по повеќе основи. На пример, Фејсбук страницата Infomax.mk овозможила објавување на стотици коментари[23] под навредливата објава, од кои дел се лични навреди, дел се сексистички говор на омраза и поттикнување омраза по повеќе основи, а дел повикуваат на повреда на нејзините човекови права и загрозување на личната сигурност.

ИМА регистрираше уште една форма на екстремен говор на омраза на 26 јули 2022 година, кога на фејсбук групата Macedonian Radio Program- 3ZZZ, Melbourne е објавен статус[24] од новинарот Ico Najdovski-Perin со фотографија (монтажа) од Пендаровски, Заев и Ковачевски, и следниве пораки со „патриотски“ говор на омраза со политичка основа кој повикува на насилство: „И мртви ќе ве гониме!!! За Илинден само стапот за овие предавници!“.

Во една комбинација од содржина и таргетирани цели за напад, мета на проблематизирање и на подривање на фактите, се и одделни историски настани од позиции на агресивен етно-национализам.

Специјалните формати и техники, вклучувајќи анонимност, употреба на алгоритми и други техники, со јазикот на силни, емотивни, вербални и визуелни

[18] ЗНМ: Зачестени напади врз новинари, надлежните итно да постапат по пријавите, објавено на 22.10.2021 на порталот 360 степени

[19] Со кои пораки беше пречекана Урсула Лајен во Собранието, резултати од пребарување по клучен збор на агрегаторот Грид

[20] „Говор на омраза и непримерни напади кон професорката Колозова за објавени лични ставови“, објавено на порталот на ИМА на 28.07.2022 година

[21] Објава на Фејсбук профилот на Катерина Колозова на 25.07.2022 година

[22] Ванковска остро до Колозова: За твојата фамилија не знам, но мојата не била заспана ни предавничка, објавено на 26.07.2022 на порталот Читај.мк

[23] Резултати од пребарување по клучен збор на социјалната мрежа Фејсбук

[24] Фејсбук стстус од новинарот Ico Najdovski-Perin

решенија и сеење на страв, се алатките за привлекување публика, за влијание на јавното мислење и за манипулирање.

Говорот на омраза и дезинформациите од овој тип, засилени со медиумска поддршка и со хајки на комуникациските платформи како што социјалните мрежи, може да доведат до инциденти, рганизирани акции и напади (Инциденти на протестите против „францускиот предлог“ пред влада[25], Полицијата спречи меѓуетнички инцидент на протестите...[26])

## Говорот на омраза го презедоа политичарите и јавните личности

Во контекстот на кампањата против предложената рамка за почеток на преговорите за членство во ЕУ, лидерот и пратеник на „Левица“, Димитар Апасиев говорот на омраза го пренесе од медиумите и социјалните мрежи во јавните настапи кога прво повика на радикализација (Апасиев предлага радикализација на опозицијата со протести, блокади и парализа на Собранието[27]), а потоа и со отворената реторика на омраза кон претседателот на државата Пендаровски (Апасиев јавно го пцуе Пендаровски[28]), откако првиот човек на државата на на Самитот на НАТО во Мадрид изјави дека модифицираниот француски предлог „далеку подобар за нас во споредба со претходниот“.

Ова само им даде дополнителен импулс на следбениците на Апасиев на социјалните мрежи, особено откако тој „се нафрли“ со непримерен говор и врз дел од новинарите кои изразија мислење за „францускиот предлог“ (Функционери на Левица со етикети, говор на омраза и закани за ставање на „список“ кон новинарот Попетрески[29]).

Институтот за медиуми и аналитика ИМА регистрираше дека од говор на омраза не беа поштедени ниту најмалку ни високите функционери на ЕУ, кои доаѓаа во Северна Македонија со пораки дека македонскиот јазик стои без квалификација од ЕУ во изменетиот предлог на преговарачката рамка и дека иднината на Северна Македонија е во Европската Унија, дека Европа не е цела без Северна Македонија (Оркестрирани напади со говор на омраза и дезинформации кон фон дер Лајен и ЕУ[30]).

На ова реагираше и еврокомесарот за проширување и соседство Оливер Вархеји, кој во во интервју за „Еурактив“[31] ја повика опозицијата во Северна Македонија на отрезнување со порака дека „шалењето документи во пленарната сала, туркањето на луѓето кон насилство, и поттикнувањето омраза не носат ништо, само штета“.

---

[25] Инциденти на протестите против „францускиот предлог“ пред влада, објавено на 04.07.2022

[26] Резултати од пребарувањето по клучен збор за инцидентите за време на протестите против „францускиот предлог“ на Тајм.мк

[27] Апасиев предлага радикализација на опозицијата со протести, блокади и парализа на Собранието, објавено на порталот 360 степени на 11.11.2021

[28] Апасиев јавно го пцуе Пендаровски, објавено на порталот МКД.мк на 02.07.2022

[29] Функционери на Левица со етикети, говор на омраза и закани за ставање на „список“ кон новинарот Попетрески, објавено на 23.06.2022

[30] Оркестрирани напади со говор на омраза и дезинформации кон фон дер Лајен и ЕУ, објавено на порталот на ИМА на 15.07.2022

[31] EU's Varhelyi: Will for enlargement is back, we're ready to move fast, објавено на порталот Еуроактив на 25.07.2022

Репертоарот на говор на омраза се врати на „најдобрите традиции“ од времето на владеењето на Никола Груевски и заробената држава, кога со црвени кругови беа „маркирани“ сите што изразуваа слободно и различно мислење од тогашната власт на ВМРО-ДПМНЕ, и кога беа составувани списоци, овој пат дополнително охрабрени со изјавите на лидерот кои во одредени случаи беа и исклучително екстремни (Зошто Апасиев сака нечии деца да плукаат крв и зошто уште не е приведен?[32])

Дека говорот на омраза може да се претвори во „бомба“ што е сериозна закана за меѓуетничките односи, беше една од поентите на дебатата „Етничката омраза од собраниската говорница[33]“, што ја организираше „Цивил медиа“ во која учествуваа пратениците Љатифе Шиковска, Зеќир Рамчиловиќ и Мартин Костовски.

Хушкањето со говор на омраза потоа доби и нови форми, како што беше случајот со објавување на листата со телефонските броеви на пратениците („39 броеви на пратеници од мнозинството во парламентот објавени на Твитер – Повици со закани и говор на омраза за да не гласаат за францускиот предлог[34]“).

Не дека службените телефони на пратениците се државна тајна, но овој пат тие беа објавени со повик „Порачајте им да не го предаваат народот“, по што следуваа закани, пцости и друг говор на омраза кон пратениците од владејачкото мнозинство, како притисок да гласаат против заклучоците на Владата за прифаќање на „францускиот предлог“.

Како ехо на токсичната медиумско-политичка јавна дебата за „францускиот предлог“ и декларацијата за македонскиот јазик, говорот на омраза и дискриминацијата се пресели на Википедија, со информациски упади на страниците на министерот за надворешни работи Бујар Османи, премиерот Димитар Ковачевски и претседателот на државата Стево Пендаровски (Синхронизирани напади кон политичари на Википедија со дезинформации, поттикнување омраза и дискриминација[35]).

Сè започна со хакерската интервенција на страницата на Википедија посветена на министерот за надворешни работи Бујар Османи[36], кога засега непознат „администратор“, на 23 јули во попладневните часови, ја менуваше содржината на англиската страница на Wikipedia со навредливи преименувања (дел од таквите преименувања на министерот за надворешни работи беа забележливи и на транспаренти на опозициските протести против т.н. „француски предлог“). Следуваа информациски упади на страниците на премиерот и претседателот, со навреди, дискриминаторски описи, и говор како организиран пропаганден напад со јасно таргетирани цели, за синхронизирана акција со поддршка на домашни „фарми“ на ботови, кои на социјалните мрежи веднаш објавуваа принтскринови со промените на Википедија со навредлива, мразачка и дикриминаторска содржина, пред страницата да се врати на нормалната содржина.

[32] Зошто Апасиев сака нечии деца да плукаат крв и зошто уште не е приведен?, објавено на порталот Фронтлајн на 16.01.2021

[33] Етничката омраза од собраниската говорница, (видео) дебата организирана од Цивилмедиа на 15.07.2022

[34] „39 броеви на пратеници од мнозинството во парламентот објавени на Твитер – Повици со закани и говор на омраза за да не гласаат за францускиот предлог“, објавено на 13.07.2022 на ТВ Телма

[35] Синхронизирани напади кон политичари на Википедија со дезинформации, поттикнување омраза и дискриминација, објавено на порталот на ИМА на 25.07.2022

[36] Резултати од пребарувањето според клучен збор на агрегаторот Тајм.мк

На ескалацијата на насилството и говорот на омраза реагираше и Хелсиншкиот комитет со „осуда на секој чин на насилство и секој говор на омраза, како и поттикнувањето и повикувањето на насилство[37]“, како крајно штетни и спротивни на вредностите на едно демократско општество.

**Хелсиншкиот комитет препозна дека говорот на омраза го презедоа политичарите и јавните личности и ги повика „да внимаваат каков говор употребуваат во своите обраќања до јавноста, а медиумите да ги пренесуваат случувања водејќи се од начелата на објективност и непристрасност при известувањето“.**

Хелсиншкиот комитет препозна дека говорот на омраза го презедоа политичарите и јавните личности и ги повика „да внимаваат каков говор употребуваат во своите обраќања до јавноста, а медиумите да ги пренесуваат случувања водејќи се од начелата на објективност и непристрасност при известувањето“.

Во овој контекст, и Комисијата за спречување и заштита од дискриминација соопшти дека се поднесени десеттина пријави за утврдување дискриминација по основ на етничка припадност во мислења објавени на социјалните мрежи (Десетици пријави за наводен говор на омраза против Бугарите во земјава[38]).

И кога сме кај медиумите, се покажува како неопходно да потсетиме уште еднаш на базичните принципи за тоа како треба да реагираат новинарите и уредниците на говор на омраза, затоа очигледно е дека, од некои причини, овие принципи не се почитуваат

Во едно објавено мислење на офици-јална веб-страница[39], екс-претседателката на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, Весна Бендевска посочува дека „Говорот на омраза е многу повеќе од „обични зборови“. Таквиот говор е со намера да повреди, да навреди, да уништи нечие достоинство и интегритет, да омаловажи, да понижи. Говорот на омраза е вистинска закана за уживањето на човековите права гарантирани со нашиот Устав и Меѓународните конвенции за човекови права што сме ги ратификувале и се дел од нашиот правен поредок.

Според КСЗД, новинарите и уредниците „треба да се способни да препознаат дискриминација, дискриминаторски практики, како и да се дистанцираат и остро да го осудат секој говор на омраза“.

Кодексот на новинарите на Здружението на новинарите на Македонија[40] ги обврзува нив да не говорат со јазикот на омразата:

„Новинарот нема свесно да создава ниту да преработува информации што ги загрозуваат човековите права или слободи, нема да говори со јазикот на омразата и нема да поттикнува на насилство и дискри- минација врз која било основа

[37] „Апелираме за мирни протести без насилство“, соопштение на Хелсиншки комитет за човекови права објавено на 06.07.2022
[38] Десетици пријави за наводен говор на омраза против Бугарите во земјава, објавено на Канал 5 ТВ на 21.07.2022
[39] Бендевска: Говорот на омраза е закана за уживањето на човековите права, објавено на 21.12.2021 на интернет страницата на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација
[40] Кодексот на новинарите на Здружението на новинарите на Македонија

(национална, верска, расна, полова, социјална, јазична, сексуална ориентација, политичка...).“

Во Прирачникот за етиката во новинарството[41] стои дека „говорот на омразата е неспоив со новинарската етика“ и дека „Медиумот и новинарот не треба да објавуваат материјал (информација, слика, мислење, коментар) кој има за цел да шири непријателство или омраза, или ако постои голема веројатност дека објавениот материјал ќе предизвика непријателство или омраза спрема некого поради неговата раса, етничка припадност, пол, вера, политичка припадност, сексуална ориентација, физички недостаток итн.“

**Лидерот и пратеник на Левица, Апасиев продолжи со брутални напади и говор на омраза врз новинарите, кој го практикува во континуитет. Овој пат, новинарите на медиумите што известуваа од Брисел за започнатите преговори со ЕУ, Апасиев ги нарече „проститутки и црепови“**

Новинарите и самите беа цел на напади и говор на омраза во периодот на јавната расправа за „францускиот предлог“, како и за време на усвојувањето на преговарачката рамка и почетокот на преговорите во Брисел.

Лидерот и пратеник на Левица, Апасиев продолжи со брутални напади и говор на омраза врз новинарите, кој го практикува во континуитет. Овој пат, новинарите на медиумите што известуваа од Брисел за започнатите преговори со ЕУ, Апасиев ги нарече „проститутки и црепови“ (Апасиев продолжува со брутални напади врз новинарите и ширење дезинформации[42]) и ширеше дезинформации за „божемска политичка конференција“ и дека „преговорите ќе почнат на куково лето“, по што следуваше демант директно од настанот во Брисел.

## Северна Македонија VS. Бугарија: Кој прв започна?

Уште од почетокот на отворањето на идентитетските прашања, кои Бугарија успеа да ги наметне како официјална политика и како причина за ветото за почеток на преговорите на Северна Македонија за членство во ЕУ, говорот на омраза е една од константите, на кои се повикува Бугарија.

Но, минатата година во ноември, истражувањето и студијата на Фондацијата за хуманитарни и социјални истражувања[43] од Софија, Бугарија, покажа дека „говорот на омраза кон Бугарија кој се појави во македонските медиуми е резултат на ветото за почетокот на преговорите на Северна Македонија со ЕУ. Заклучокот на софиската Фондација за хуманитарни и социјални истражувања е дека притисокот на Бугарија врз Северна Македонија за прашањата за идентитетот и јазикот не го запрел „македонизмот“, туку го засилил и го раширил неговото влијание и дека се покажал како контрапродуктивен (Контрапродуктивна политика: Софија го предизвикала говорот на омраза во Скопје, заклучува бугарска студија[44]).

[41] Прирачник за етиката во новинарството, ЗНМ, 2020

[42] Апасиев продолжува со брутални напади врз новинарите и ширење дезинформации, објавено на порталот на ИМА на 20.07.2022

[43] Фондацијата за хуманитарни и социјални истражувања

[44] Контрапродуктивна политика: Софија го предизвикала говорот на омраза во Скопје, заклучува бугарска студија, објавено на порталот на DW на македонски на 17.11.2021

„Во 2019 година во македонските медиуми нема популизам, како што беше тогаш случај во Бугарија, но по септември 2020 година, амбиентот нагло се влоши и во моментов тој е застрашувачки", оценува професорот по филозофија на Новиот бугарски универзитет Димитар Вацов и претседател на Управниот одбор на Фондацијата за хуманитарни и социјални истражувања која го спроведе истражувањето и ја подготви студијата.

Професор Вацов, повикувајќи се на студијата, истакнува дека медиумската ситуација ескалира во 2020 година, прво поради интервјуто на професор Денко Малески[45] и ставот на Бугарската академија на науки дека македонскиот јазик е дијалект на бугарскиот[46], по што кулминацијата се постигнува по изјавата на поранешниот бугарски вицепремиер Красимир Каракачанов, кој најави дека Софија ќе стави вето за почетокот на преговорите на Северна Македонија со ЕУ (Каракачанов за ТВ 24: Бугарија ќе ја блокира првата меѓувладина конференција со ЕУ ако нема напредок по историските прашања[47]).

„Од 9 септември (2020 година, н.з.) до крајот на годината има голем подем на македонскиот дискурс. Тогаш започнува и антибугарскиот дискурс. Само за Гоце Делчев и деривати од коренот 'бугарски' има 3033 текстови. До изјавата на Каракачанов на 9 септември има 710 текстови кои говорат за Гоце Делчев. А за четири месеци до крајот на годината има 2.323 текстови", објаснува Вацов.

Студијата за медиумската средина во Северна Македонија од страна на Фондацијата за хуманитарни и социјални истражувања за 2019 и 2020, покажува дека двојно повеќе пораснал и бројот на текстови во кои се зборува за „фашисти" и „фашистички окупатори" во однос на претходната 2019 година.

И доколку овие податоци, вака систематизирани, одат во прилог на одговорот на прашањето „Кој прв започна?", тие секако не се одговор на поважните прашања – кога сето ова ќе заврши и дали и Софија и Скопје имаат ефикасен начин да влијаат на елиминација на говорот на омраза во двете земји.

Во Протоколот од Вториот состанок на Заедничката меѓувладина комисија, формирана врз основа на членот 12 од Договорот на пријателство, добрососедство и соработка меѓу Република Северна Македонија и Република Бугарија[48] од на 17 јули 2022, двете страни се обврзаа да идентификуваат и да преземаат мерки против говор на омраза во натписи на јавни згради и споменици, текстови во учебници и учебни програми, како и во јавниот простор како обврска на министерствата за надворешни работи на Бугарија и Северна Македонија, кои ќе ги контактираат и информираат надлежните институции за заедничко идентификување на таквите случаи.

Во Протоколот дополнително за говорот на омраза е предвидено дека државите ќе преземат ефикасни мерки за превенирање на недобронамерна пропаганда од страна на институции и агенции и ќе обесхрабруваат активности на приватни субјекти, насочени кон поттикнување на насилство, омраза или други слични активности, кои би наштетиле на нивните односи.

[45] Што точно рече Денко Малески за бугарската ТВ Европа?, објавено на порталот 360.мк на 29.04.2022
[46] Резултати од пребарувањето според клучен збор на агрегаторот Тајм.мк
[47] Каракачанов за ТВ 24: Бугарија ќе ја блокира првата меѓувладина конференција со ЕУ ако нема напредок по историските прашања, објавено на порталот 360.мк на 09.09.2020
[48] Протоколот од Вториот состанок на Заедничката меѓувладина комисија, формирана врз основа на членот 12 од Договорот на пријателство, добрососедство и соработка меѓу Република Северна Македонија и Република Бугарија, објавен на МИА на 17.07.2022

Она што се налага како неопходност и обврска на Владата на Северна Македонија, односно на Министерството за надворешни работи, е потребата од дополнителни објаснувања за одредбите од протоколот, кои се однесуваат на говорот на омраза, со убедливи аргументи дека спречувањето на говорот на омраза нема да биде инструмент на цензура што ќе ја негира слободата на изразување и ќе ги регулира наративите во културата и творештвото.

Исто така, неопходно е да биде јасно дека обврските за борба против говорот на омраза се целосно реципрочни и дека говорот на омраза се третира единствено од аспект на правото на ЕУ и меѓународното право подеднакво во двете земји, а не според арбитрарни опортунистички толкувања кои по правило се начин за злоупотреба.

## Северна Македонија во еволуцијата на пропагандата со говор на омраза во балканскиот триаголник

За да се затвори балканскиот триаголник, во кој се најде Северна Македонија како плодна средина за говор на омраза, ќе се повикаме на неколку студии и анализи, кои наведуваат дека генератор и инспиратор на пропагандата со говор на омраза и дезинформации е Русија, имајќи ја предвид и студијата на Европскиот парламент од 2021 година, „Mapping Fake News and Disinformation in the Western Balkans and Identifying Ways to Effectively Counter Them[49]“, која заклучува дека странските актери не се најистакнатите виновници и дека повеќето луѓе и организации, кои произведуваат говор на омраза и шират дезинформации, се внатрешни.

Како поткрепа на ова тврдење можеме да ги сметаме укажувањата на дел од студиите во Северна Македонија, Бугарија и Босна и Херцеговина.

Во серијата анализи за руското влијание во Северна Македонија, медиумскиот аналитирач Жарко Трајаноски[50], можеби единствениот аналитичар кој длабински и континуирано ја следи оваа тема, тој вели дека „што се однесува до темата „руско влијание“ и „украинско сценарио“, ѓаволот веќе одамна ја имаше однесено шегата (види анализа 1[51] и 2[52]), кога во декември 2017 година, руски пропагандисти објавуваа мрачни предвидувања за снемување на Македонија од картата на светот и за поделба на Македонија помеѓу Албанија и Бугарија (Видете АНАЛИЗА НА АНДРЕЈ КОРИБКО: Ќе ја снема ли Македонија од картата на светот во 2018 година?[53]).

Трајаноски уште додава дека „локалните руски гласноговорници ширеа[54] апокалиптични предвидувања дека „Македонија е избрана како место каде што ќе започне следната војна, односно светскиот конфликт помеѓу НАТО и Русија“.

[49] Mapping Fake News and Disinformation in the Western Balkans and Identifying Ways to Effectively Counter Them, објавена на 23.02.2021 година на интерне страницата на Европскиот Парламент

[50] Резултати од пребарувањето по клучен збор за анализите за руското влијание во Северна Македонија на Жарко Трајаноски

[51] Руската пропаганда за време на македонската политичка криза (2015) – дезинформации за „украинско сценарио“, објавено на порталот Вистиномер на 10.02.2022

[52] Руската пропаганда за „украинското сценарио“ во Македонија (2016-2017), објавено на порталот Вистиномер на 23.02.2022

[54] АНАЛИЗА НА АНДРЕЈ КОРИБКО: Ќе ја снема ли Македонија од картата на светот во 2018 година?, објавено на порталот Инфомакс на 02.12.2017

[54] Миленко бара од Русија да интервенирала и да ги извадела од затвор Бетмен лежит и Борис!, колумна на Миленко Неделковски објавена на порталот Народен глас на 01.12.2017

Руската пропагандна офанзива против НАТО и ЕУ се засили во февруари и март 2018 година, кога веќе се навестуваа позитивните сигнали за решавање на спорот за името со Грција што беше предуслов за членството на Република Македонија во НАТО (Атина очекува напредок по средбата Заев-Ципрас во Давос[55]).

Во таа офанзива, покрај фокусот на НАТО, како жртва на „пријателскиот оган“ се апострофираа и меѓуетничките односи во земјата со говор на омраза кон Албанците во Македонија.

Трајаноски запишува дека „во тогаш најгледаната емисија „Само вистина“ на 20 февруари[56] 2018 г., „дебатираа“ двајца proруски пропагандисти на тема „Има ли Македонија алтернатива на ЕУ и НАТО?“. Гостите беа единствени во водење негативна кампања против ЕУ и НАТО, во оцрнување на прозападната влада и во исмејување на приврзаниците за влез во НАТО и ЕУ. Во истата емисија претставникот на „Единствена Македонија“ упати експлицитни антиалбански пораки дека Албанците „ќе имаат две можности – или да почнат да го учат рускиот јазик или да се научат да пливаат, и тоа го велам ептен сериозно“.

Лидерот на „Единствена Македонија“ Бачев тврдеше[57] дека „стратешкиот сојуз со Русија го обезбедува опстанокот и иднината на Македонија“, а гостинка на „Само вистина“ во март[58] беше и колумнистката, професорката Билјана Ванковска, како прва потписничка на манипулативниот[59] проглас на интелектуалци кои побараа прекинување на преговорите за името. Ванковска, автор на колумната Нобелова награда за Путин: А, зошто не?[60] (во „Руска реч“), претходно го промовира слоганот „НЕ за НАТО, дури и под уставно име![61]“.

Покрај обидите за заплашување со „брутална албанизација[62]“ пропагандистите играа на „антифашистичката“ карта, претставувајќи го „Западот“ како фашистички и на картата за политичка алтернатива во Евроазиската унија и „словенското братство“ (Пропагандистот Дугин, сатанизацијата на Западот и апологијата на рускиот империјализам[63]), која во Македонија ја промовираше рускиот пропагандист и геополитичар Александар Дугин кој нашата јавност го запозна уште во 2015 година кога му гостуваше на Миленко Неделковски[64].

Интересно е што таа иста година, во 2015, ЕУ и НАТО и официјално ги прифатија како исклучително сериозни и како цел за соодветен одговор заканите од руската пропаганда, веднаш по руската анексија на Крим и војната во Украина кога интензитетот на кампањите со дезинформации, вклучувајќи и говор на омраза, доби загрижувачки размери.

[55] Атина очекува напредок по средбата Заев-Ципрас во Давос, објавено на DW на македонски на 23.01.2018
[56] Александар Русјаков и Стефан Влахов Мицов во „Само вистина“ на Канал 5 ТВ на 20.02.2018
[57] Јанко Бачев и Тони Науноски во „Само вистина“ на Канал 5 ТВ на 09.03.2018, објавено на Фејсбук страницата на партијата Единствена Македонија
[58] Билјана Ванковска во „Само вистина“ на Канал 5 ТВ на 13.03.2018
[59] ТОП 5 најголеми манипулации во 2018 година за македонското членство во НАТО, објавено на порталот Вистиномер на 24.12.2018
[60] Нобелова награда за Путин: А, зошто не?, колумна на Билјана Ванковска, објавена на 17.10.2013
[61] КОЛУМНА НА БИЛЈАНА ВАНКОВСКА: Македонија или НАТО? #Сега кажи!, објавена на порталот Инфомакс на 22.01.2018
[62] Заев врши брутална албанизација на државните органи со административци-Албанци, објавено на интернет страницата на партијата Единствена Македонија на 22.03.2018
[63] Пропагандистот Дугин, сатанизацијата на Западот и апологијата на рускиот империјализам, објавено на порталот Вистиномер на 23.03.2022
[64] Миленко Неделковски шоу со Александар Дугин на 18.12.2015

Во студијата Russia's Strategic Interests and Tools of Influence in the Western Balkans[65] на Центарот за извонредност за стратешки комуникации на НАТО, авторот Димитар Бечев[66] констатира дека „главната цел на Русија на Западен Балкан не е да го ревидира статус квото, туку да го замрзне. Таа би сакала да го спречи ширењето на НАТО и да го забави проширувањето на ЕУ. Сегашната ситуација е во согласност со стратешките интереси на Русија. Западен Балкан е неформално интегриран на Запад, но тоа не се претвори во демократска консолидација на домашно ниво или во целосно решавање на конфликтите меѓу државите. Москва има корист од внатрешните проблеми во регионот, а не од неговото создавање: отворени спорови кои датираат од војната во 1990-тите, односот љубов-омраза со Западот, слабите институции, компромитираниот владеење на правото, заробените медиуми, слабите економии и општиот недостаток на транспарентност и отчетност“.

Бечев заклучува дека „со таквата политичка клима (на Западен Балкан, н.з.) Русија го проектира своето влијание, зајакнувајќи ја својата позиција во европската политика и, во помала мера, на глобално ниво. За Москва, Западен Балкан е ниско висечко овошје. Русија претпочита да влијае без многу ресурси и главно со помош на локалните соработници. Затоа руската политика во регионот е фокусирана главно на кооптација и субверзија наместо на воени или невоени форми на принуда. Наместо да распоредува војници во поранешна Југославија за да ја наруши локалната рамнотежа на силите на еден или на друг начин, Русија се потпира на политичка интервенција преку дипломатски иницијативи, мешање во внатрешната политика и информативни кампањи“.

2015 година се појавува уште еднаш како референтна точка за руската пропаганда на Балканот. Таа година, непосредно по анексијата на Крим и првата војна во Украина, Руската Федерација ја отвора Радиостаницата Спутник во Србија, која нешто подоцна е дополнета со Агенцијата Спутник. Радиото и агенцијата Спутник делуваат како хаб за регионот со информативен сервис на српски јазик достапен во регионот, дополнети со мрежа од повеќе од триесет регионални станици. Содржините на радиото и на агенцијата се шират и низ локалните печатени и онлајн медиуми, вклучувајќи ги и високотиражните таблоиди и гледаните Тв станици како што се Блиц, Курир, Информер, Вечерње новости, и Б92.

Присуството на Русија во информативниот простор на Западен Балкан, според студијата Russia's Strategic Interests and Tools of Influence in the Western Balkans[67] на Димитар Бечев е во средиштето на активностите на Кремљ, ако се знае дека Спутник е основан со декрет[68] на Владимир Путин.

Зоните на влијание на Спутник, освен Србија и Босна и Херцеговина со акцент на Република Српска, се протегаат и на Црна Гора, српското население во Косово и, во извесна смисла, Северна Македонија.

Во Северна Македонија, Спутник нема сопствени медиуми и неговото делување е главно преку „прокси“ медиуми во земјата и доминантно преку социјалните мрежи, во периоди кога во земјата се одвиваат политички процеси поврзани со стратешките цели или за време на изборните кампањи.

[65] Russia's Strategic Interests and Tools of Influence in the Western Balkans, на Центарот за извонредност за стратешки комуникации на НАТО, објавено на 05.12.2019
[66] Атлантски совет, Димитар Бачев
[67] Russia's Strategic Interests and Tools of Influence in the Western Balkans, на Центарот за извонредност за стратешки комуникации на НАТО, објавено на 05.12.2019
[68] Sputnik (news agency), Wikipedia, the free encyclopedia

Делувањето на руските средства за информирање во Северна Македонија е регистрирано во повеќе наврати: Sputnik Analyst Claims Macedonians Dislike EU and NATO. Polls Show Majority Support[69], #ElectionWatch: Sputnik Misleading in Macedonia[70].

Посебен бисер во хронологијата на пропагандните активности на Спутник кон Северна Македонија е текстот со наслов „Bulgarian politician: It is a matter of time when Macedonia will ask a piece of Bulgaria”, што го пренесоа повеќе српски медиуми и кој, сепак, беше разобличен од сервисот за проверка на факти „Вистиномер“ на Фондацијата Метаморфозис (Serbian news agency Sputnik is frightening the Bulgarians that Macedonia might have territorial appetites toward Bulgaria[71]).

И кога сме кај Бугарија, во оваа земја руската пропаганда има сличен модел како Спутник во Србија, со тоа што улогата на дисеминатори на медиумските содржини од интерес на Кремљ овде ја преземаат повеќе агрегатори или портали како „Новини 247“, „Поглед инфо“, „Аспекто“, „News Front“…[72].

## Решенијата се во едукацијата и во спроведувањето на законите

Во екот на кампањата со говор на омраза што го придружуваше процесот на јавна расправа и консултација за „францускиот предлог“, за тоа што се презема за санкционирање на ова кривично дело, министерот за внатрешни работи Оливер Спасовски на пратеничко прашање во Собранието на Северна Македонија рече дека во 2022 година нема кривично дело за предизвикување на омраза и дека се процесуира само едно дело за загрозување на сигурноста по електронски пат (Спасовски: Во 2022 нема кривично дело за предизвикување на омраза и само едно дело за загрозување на сигурноста по електронски пат[73]).

**Со политичките говори набиени со говор на омраза се делат граѓаните, политичарите, активистите и медиумите на „патриоти“ и „предавници“, а интензитетот на навредувачки содржини полни со омраза се зголемуваше и во медиумите и на социјалните мрежи.**

Спасовски прецизираше дека оваа статистика не покажува намалување на говорот на омраза, туку дека во овој период немало пријави.

Ова уште еднаш укажува на фактот дека препознавањето и пријавувањето на говорот на омраза и делата од омраза не е соодветно на растечкиот говор на омраза во последните две и повеќе години, во кои доминира политичкиот говор на омраза како резултат на континуираната политичка криза која ги поларизираше медиумите, но и целокупното општество.

Со политичките говори набиени со говор на омраза се делат граѓаните, политичарите, активистите и медиумите на „патриоти“ и „предавници“, а

[69] Sputnik Analyst Claims Macedonians Dislike EU and NATO. Polls Show Majority Support, објавено на порталот за проверка на факти Полиграф.инфо, на 28.09.2018
[70] #ElectionWatch: Sputnik Misleading in Macedonia, објавено на порталот Медиум на 23.09.2018
[71] Serbian news agency Sputnik is frightening the Bulgarians that Macedonia might have territorial appetites toward Bulgaria, објавено на порталот на агенцијата МЕТА на 18.12.2019
[72] Проф. Димитър Вацов: Лъжата не е алтернативна гледна точка и никога не е била, објавено на порталот БНР.бг на 15.04.2022
[73] Спасовски: Во 2022 нема кривично дело за предизвикување на омраза и само едно дело за загрозување на сигурноста по електронски пат, објавено на порталот на ИМА на 30.06.2022

интензитетот на навредувачки содржини полни со омраза се зголемуваше и во медиумите и на социјалните мрежи.

Наспроти таа ситуација, перцепцијата во македонската јавност за борбата против говорот на омраза во земјава е дека таа е само декларативна, иако говорот на омраза е опфатен со Кривичниот законик. На пример, членот 319 од КЗ вели дека предизвикувањето омраза, раздор или нетрпеливост врз национална,расна, верска и друга дискриминаторска основа се казнува со затвор од една до пет години, а казна затвор до 10 години, според овој член, е предвидена ако поради делото дојде до безредие и насилства спрема луѓе или имот. КЗ во член 394-г го санкционира и ширењето на расистички и ксенофобичен материјал по пат на компјутерски систем.

Оваа ситуација повторно не доведува до прашањето за ефикасноста на обвинителството и независноста на судството, како и до прашањето на подготвеноста на медиумските регулаторни и саморегулаторни тела, соодветно на меѓународно признатите норми и стандарди за човекови права да го дадат својот придонес за спречување на поттикнување омраза како „гориво“ за конфликти во општеството.

**Само информирани, медиумски писмени граѓани може да направат рационални, а не емотивни избори и затоа воведувањето на медиумска и дигитална писменост во образовните програми може да го запре огнот што го потпалуваат пропагандистите со говор на омраза.**

Се покажува дека саморегулацијата на медиумите, онаму каде што е ефикасна, останува еден од начините за справување со говорот на омраза и за соодветен медиумски одговор на ова прашање. Преку саморегулација, медиумите ја остваруваат својата морална и општествена одговорност, вклучително и во активностите за соодветно соочување со пропагандата на омраза и дискриминација. Етичките кодекси и инструментите за саморегулирање и за корегулација треба да гарантираат дека случаите на пропаганда ќе бидат постојано разоткривани и разобличувани, и ќе бидат изложувани на внимание на јавноста.

Од друга страна, само информирани, медиумски писмени граѓани може да направат рационални, а не емотивни избори и затоа воведувањето на медиумска и дигитална писменост во образовните програми може да го запре огнот што го потпалуваат пропагандистите со говор на омраза.

Владата да не губи ниту ден во инвестирање во такви образовни програми и да го избере најсоодветниот модел, кој бргу треба да го надомести тоа што со години е пропуштено да се направи на овој план.

# 2. ДЕЗИНФОРМАЦИИ, МЕДИУМСКИ МАНИПУЛАЦИИ И ТЕОРИИ НА ЗАГОВОР ЗА „ФРАНЦУСКИОТ ПРЕДЛОГ“

Пишува: ЖАРКО ТРАЈАНОСКИ

Преговарачката рамка на ЕУ (т.н. „француски предлог“) беше доминантна медиумска и општествено-политичка тема во последните неколку месеци. „Францускиот предлог“ предизвика плима од дезинформации, медиумски манипулации и теории на заговор во медиумите и јавните комуникации во Македонија. Сето тоа негативно влијаеше на јавната дебата, која беше поларизирана и обременета со говор кој поттикнува омраза, нетрпеливост, напати и насилство.

Во оваа анализа ќе ги проследиме главните наративи што содржеа дезинформации, медиумски манипулации и теории на заговор во врска со „францускиот предлог“, кои можат да се идентификуваат во насловите и содржините на медиумски прилози, во јавните политички комуникации, во пораките од протестите, како и во комуникациите на социјалните мрежи во Македонија.

Во анализата не се опфатени аргументираните критики кон преговарачката рамка, кон нетранспарентноста на владата, кон историските комисии, кон ставовите на ЕУ, итн.

Исто така, во оваа анализа не се опфатени ни дезинформациите, медиумски манипулации и теории на заговор во врска со „францускиот предлог“ и бугарското вето во Бугарија, кои имаа несомнено влијание за распламтувањето на националистичките дискурси во Македонија, но кои заслужуваат засебна анализа. Исто така, не се обработени ниту дезинформациите во медиумите на албански јазик, кои се опфатени во посебна анализа.[1]

Дезинформаторските наративи во Македонија се обидуваа да кренат социјална паника, да поттикнат недоверба кон институциите, да поттикнат омраза, нетрпеливост и поларизација во општеството. Дел од нив беа насочени кон предизвикување на политичка дезориентација и дестабилизација, а некои беа во функција на политичка мобилизација за да се предизвика промена на централната власт.

## Наративи со дезинформации и медиумски манипулации за македонскиот јазик

Уште пред официјалното објавување на преговарачката рамка со ЕУ, се појавија сензационалистички наслови и тенденциозни толкувања кои креваа социјална паника дека во првично објавената верзија од „францускиот предлог“ имало преименување на македонскиот јазик. Повеќе портали на македонски јазик објавија наслови со информација дека во „францускиот предлог“ македонскиот

[1] Видете Сефер Тахири, „Како известуваа медиумите на албански јазик за „францускиот предлог“?“, ИМА, 17.09.2022.

јазик станал „македонски јазик број 2“ / „македонски јазик 2“, или дека „доби ознака 2“. Погрешните заклучоци беа изведени од симболот за фуснота по изразот „македонски јазик“.[2]

И дезинформацијата на еден академик дека „имало само една фуснота дека македонскиот јазик е дијалект на бугарскиот“ беше проширена во медиумите.[3] Уследи демант од страна на премиерот дека се појавиле многу лаги и шпекулации врзани со францускиот предлог, и дека „Нема никакви фусноти и дополнувања, тоа се лаги“.[4]

Беше раширена и дезинформација дека „Македонскиот јазик го нема во предлогот“ (во соопштение на ВМРО-ДПМНЕ) која беше разоткриена од Вистиномер.[5]

Лидерот на ВМРО-ДПМНЕ дезинформираше дека прифаќањето на ваквиот предлог подразбира „дека македонскиот јазик е дијалект на бугарскиот“[6], а и партијата Левица јавно се спротиставуваше со ставот „Македонскиот јазик не е дијалект и фуснота“. Меѓутоа, како што истакна и Вистиномер, „нема спомнување на фусноти и дијалекти во самиот француски предлог, како што се сака да се наметне во статусот на Левица“.[7]

Исто така, и тврдењето на Левица дека „само за нас јазикот ќе биде македонски“ нема никаква основа во преговарачката рамка.[8]

Дезинформациите продолжија и откако францускиот претседател Макрон укажа дека „Овој договор не го доведува во прашање официјалното постоење на македонски јазик, кој е составен дел на вашиот идентитет“. И покрај тоа, протестите и блокадите против „францускиот предлог“ беа оправдувани со фразата „одбрана на македонскиот јазик, народ и држава“.[9]

СДСМ на 11.07.2022 објави видео од лидерот на ВМРО-ДПМНЕ Мицкоски на српска телевизија, каде што погрешно тврди дека македонскиот јазик бил кодификуван во „далечната 1977 година“, што беше оценето како срамно тврдење.[10]

Дезинформации и медиумски манипулации за македонскиот јазик содржеше и „манифестот на македонските учители“, во кој има незасновани тврдења дека „Македонскиот јазик, според овој предлог, ќе биде историски непостоечки за ЕУ“ и дека „Францускиот предлог... македонскиот народ и македонскиот јазик ќе ги сведе на еднострана изјава која нема важност пред институциите на ЕУ.“[11]

---

[2] Дел од неофицијалниот текст беше погрешно толкуван како „македонски јазик број 2“ или „македонски јазик 2“. Видете повеќе во Нови сензационалистички дезинформации за македонскиот јазик, сега во „францускиот предлог“, ИМА, 21.06.2022.

[3] Катица Кулафкова предупредува на велепредавство: Македонија е на прагот на целосна разнебитеност, А1он, 02.07.2022.

[4] Ковачевски: Нема никакви фусноти и дополнувања, тоа се лаги, А1он, 02.07.2022.

[5] Владимир Петревски, Дезинформациите и манипулациите за и околу францускиот предлог, Вистиномер, 07.07.2022.

[6] Мицкоски не го прифаќа францускиот предлог, Дојче Веле, 1.07.2022.

[7] Владимир Петрески, „Дезинформациите и манипулациите за и околу францускиот предлог“, Вистиномер, 07.07.2022.

[8] И Левица повика на сенароден протест против францускиот предлог, mkd.mk, 01.07.2022

[9] Боцевски: Утре од 13 часот започнуваме блокади низ цената држава, додека нашите храбри пратеници се борат во Собранието за нашите интереси за одбрана на македонскиот јазик, народ и држава, Курир, 7.07.2022

[10] Кузеска: Мицкоски го руши македонскиот јазик, срамно тврди дека е кодификуван 1977 година, Канал 5, 11.07.2022.

[11] Манифест на повеќе од 800 македонски учители: Велиме НЕ на понижувачките услови во непристоен

И за време на собраниската расправа беа забележливи неосновани обвинувања за македонскиот јазик: „...овие за грст пари се подготвени да кажат дека македонскиот јазик е бугарски дијалект...", обвини една пратеничка од опозицијата.[12] ВМРО-ДПМНЕ во партиско соопштение истакна дека „нема да прифати договор кој ќе значи негирање на македонскиот јазик, идентитет и посебност".[13]

**Дезинформаторските наративи подгреваа националистички страсти и се обидуваа да кренат социјална паника во врска со загрозеноста на македонскиот јазик. Тие поттикнуваа недоверба кон владата и нејзините министри и омраза и нетрпеливост кон нив, кон ЕУ и Бугарија, како и поларизација и нови поделби во општеството.**

Политичките манипулации и дезинформации за македонскиот јазик продолжија и по објавувањето на едностраните изјави. Симптоматично, повеќе цел на пропагандни напади беше едностраната изјава од страна на македонската влада со погрешни толкувања дека во неа имало откажување од дијалектите, отколку едностраната изјава од страна на бугарската влада во која експлицитно не се признава македонскиот јазик.[14] Професор Људмил Спасов укажа дека Нема откажување од дијалектите, туку дефинирање на стандардизираниот македонски јазик, а потоа беше мета на оцрнувачки пропагандни напади.[15]

Се ширеа дезинформации дури и дека актуелната власт го преименувала македонскиот јазик во „мајчин јазик".[16] Сервисот за проверка на факти уште во 2019 објасни дека називот „наставник по мајчин јазик" е официјализиран за време на претходната влада на ВМРО-ДПМНЕ, но на порталите и на социјалните мрежи се креваше паника дека актуелната власт го преименувала македонскиот јазик во „мајчин јазик".

Дезинформаторските наративи подгреваа националистички страсти и се обидуваа да кренат социјална паника во врска со загрозеноста на македонскиот јазик. Тие поттикнуваа недоверба кон владата и нејзините министри и омраза и нетрпеливост кон нив,[17] кон ЕУ и Бугарија, како и поларизација и нови поделби во општеството.

---

предлог, Нова Македонија, 12.07, 2022. Видете и Тео Блажевски, Контраспин: Нема потврда дека „во сите идни документи на ЕУ" македонскиот јазик ќе оди со додавка или фуснота, 13.07.2022.

[12] Продолжи расправата за францускиот предлог во Собранието на Македонија, mkd.mk, 15.07.2020.

[13] ВМРО-ДПМНЕ: Францускиот предлог за влегување на бугарските барања во преговарачка рамка е чекор за бугаризација, А1он, 17.06.2022.

[14] „Секое повикување на официјалниот јазик на Република Северна Македонија во официјални/неофицијални документи/позиции/изјави и други на ЕУ и нејзините институции, тела, канцеларии и агенции мора да се разбере строго во согласност со Уставот на оваа земја и никако не се толкува како признавање од страна на Република Бугарија на „македонскиот јазик"." Интегрален текст: Бугарската декларација за македонскиот јазик, Телма, 19.07.2022.

[15] Видете Нови политички манипулации и дезинформации за македонскиот јазик, ИМА, 06.08.2022

[16] На порталот „Брегалнички" беше објавен наслов „ИЗМИСЛИЛЕ ЗАНИМАЊЕ НАСТАВНИК ПО МАЈЧИН ЈАЗИК И ЛИТЕРАТУРА "ИНОВАТОРИТЕ" ВО ВЛАСТА". Ваквите дезинформации датираат уште од пред неколку години, а беа разобличени од Сервисот за проверка на факти во статијата Македонскиот јазик никој не го избркал од Свети Николе, Сервис за проверка на факти, 12.11.2019.

[17] Видете Синхронизирани напади кон политичари на Википедија со дезинформации, поттикнување омраза и дискриминација, ИМА, 25.07.2022

## Наративи со дезинформации, заплашувања и теории на заговори за македонскиот идентитет и македонскиот народ

Заплашувачката дезинформаторска нарација дека со т.н. „француски предлог“ некој „го ништи македонскиот идентитет“ беше забележлива не само во политички изјави, туку и во изјави на македонски историчари.

На пример, политичката изјава на Мицкоски дадена на ТВ („живееме во време кога политичар лекомисленик го ништи македонскиот идентитет...“)[18] и изјавата на историчарот Тодор Чепреганов дека „Францускиот предлог е бугарски, омотан со француски целофан кој го ништи македонскиот идентитет, јазик и култура!“[19] припаѓаат на иста дезинформаторска нарација, која неосновано обвинува за ништење на македонскиот идентитет. Идентична нарација дека некој „директно го ништи македонскиот идентитет“ беше препознатлива и во политичките изјави на ВМРО-ДПМНЕ давани за Договорот од Преспа во 2018, кој исто така беше оцрнуван како „капитулантски договор“.[20]

Во националистичкиот дискурс на ВМРО-ДПМНЕ, Македонија и „македонскиот идентитет“ беа ставени наспроти „францускиот предлог“ како нешто што директно ги загрозува. „Македонија пред и над сè, македонскиот идентитет пред и над сè“,[21] беше главната порака на Мицкоски на „протестите против францускиот предлог“.

Мицкоски го поврзуваше македонскиот идентитет со „антропологијата на македонскиот ген“[22] – манипулативен израз кој нема никаква научна заснованост во антропологијата. Лидерот на ВМРО-ДПМНЕ јавно тврдеше не само дека прифаќањето на т.н. „француски предлог“ е „директен удар врз македонскиот идентитет“,[23] туку сугерираше катастрофични сценарија - дека немало да се случи промена на Уставот, затоа што тој бил „последниот браник на македонскиот идентитет“, на кого му се заканува крај.[24]

Пратениците од коалицијата на ВМРО-ДПМНЕ и оние кои не се сложуваат „францускиот предлог“ се промовираа како „чувари на македонскиот идентитет“ смртно загрозен токму од „францускиот предлог“.

И други политички партии ја прифатија нарацијата за „ништење на македонскиот идентитет“. Левица во проглас тврдеше дека „Бугарија преку ЕУ наметнува ултиматум за ништење на македонскиот идентитет!“,[25] „Единствена Македонија“ дезинформираше дека преговорите со ЕУ се условени со „бришење на македонската нација, јазик, историја и култура“,[26] а лидерот на ГРОМ тврдеше дека

[18] Мицкоски: Ковачевски тајно преговарал 6 месеци, сега се прави дека не знае за предлогот со кој би се бугаризирала Македонија, Република, 23.06.2022

[19] „Францускиот предлог е бугарски, омотан со француски целофан кој го ништи македонскиот идентитет, јазик и култура!“, Лидер, 04.07.2022

[20] Јанушев: Никој до сега не се осудил да потпише ваков капитулантски договор, Курир, 26.09.2018.

[21] Мицкоски пред почетокот на собирот пред Владата: Македонскиот идентитет пред и над сè, Канал 5, 02.07.2022

[22] Мицкоски го користеше изразот „македонски ген“ и во изборната кампања во 2020 година. Битката за македонскиот ген е битка којашто никогаш не завршува, Лидер, 12.03.2020.

[23] Мицкоски: Прифаќање на предлогот е директен удар врз македонскиот идентитет, Press24, 13.07.2022

[24] „Затоа што падне ли уставот, помине ли преговарачката рамка, завршува македонскиот идентитет“. ИНТЕРВЈУ, ХРИСТИЈАН МИЦКОСКИ: ДУИ влезе во пакт со Бугарија и го предаде македонскиот народ, Вечер, 22.07.2022.

[25] И Левица повика на сенароден протест против францускиот предлог, mkd.mk, 01.07.2022

[26] Единствена Македонија до Ковачевски по францускиот предлог: Ајде на избори и народот нека одлучи за иднината на Македонија, Единствена Македонија, 20.06.2022.

„главата му се сече на македонскиот народ во протоколот“.[27] Слична перцепција се обидуваа да наметнат и поддржувачите на партијата Левица на протестите, кои донесоа гилотина со опис „француски предлог“, како и политичари од партијата „Глас за Македонија“.[28]

Еден поранешен потпретседател на влада предводена од ВМРО-ДПМНЕ (задолжен за евро-интеграции), дезинформираше во колумна дека услов за влез во ЕУ е поништување на сè што е македонско и бришење на Македонците како народ и нација.[29]

**Во една своја колумна, Претсе-дателот на МАНУ Коцарев дезинформираше и дека „Македонците веќе уште денес ги нема“, изведувајќи погрешен заклучок од еден документ за упис на факултет.**

Генератор на слични дезинформации и теории на заговори за „францускиот предлог“ беше и претседателот на МАНУ кој пишуваше дека „...со францускиот предлог, Владата на Македонија ќе посведочи дека во државата Македонија, во границите на денешна Македонија, нема Македонци.“[30] Коцарев предвидуваше дека „ако не ги раскинеме двата документа, Македонците ќе исчезнат, а во ЕУ ќе влезе Македонија, но не и Македонците“.[31] Коцарев се обиде да пласира како „факт“ и класично обвинување без докази: дека со два документи „Македонија, всушност, свесно или несвесно, изврши геноцид на Македонците во Егеј и во Пирин.“[32]

Непоткрепени обвинувања за „геноцид“ беа искажани и од пратенички на ВМРО-ДПМНЕ за време на собраниската дебата,[33] а за „економски геноцид“[34] зборуваше и Мицкоски на антивладиниот протест на 18 јуни.

Во една своја колумна, Претседателот на МАНУ Коцарев дезинформираше и дека „Македонците веќе уште денес ги нема“, изведувајќи погрешен заклучок од еден документ за упис на факултет.[35]

27 Јакимовски: На народот му се дава предлогот на великиот Макрон, а всушност му се сече глава со протоколот од позадина!, Infomax, 05.07.2022

28 Наташа Котлар, историчарка и кандидатка на ВМРО-ДПМНЕ и коалицијата за градоначалничка на општина Центар Наташа Котлар: Францускиот предлог е гилотина за македонскиот народ!, Република, 14.07.2022

29 Ивица Боцевски, Најголемите замки за Македонија во „францускиот предлог“, Нова Македонија, 02.07.2022: „...влезот во Европската Унија треба да биде платен со поништување на сè што е македонско и со бришење на Македонците од кругот на нациите и од друштвото на етникумите.“

30 Љупчо Коцарев, Македонизмот ќе опстои, Нова Македонија, 5.07.2022.

31 Љупчо Коцарев, „Две илјади осумдесет и четврта“ или „Последниот Македонец во Европа“, Н.Македонија , Нова Македонија, 22.07.2022.

32 Станува збор за крајно нестручна и непоткрепена употреба на изразот „геноцид“ кој е дефиниран во Кривичниот законик и во меѓународното право (во Конвенција за спречување и казнување на злочинот геноцид и во Римскиот статус на Меѓународниот кривичен суд, каде што во чл. 6 се наведени актите на геноцид). Ако Коцарев имал докази со кои може да го поткрепи своето обвинување за геноцид на Македонците во Егеј и во Пирин од страна на Македонија, истите бил должен да ги приложи до нашето обвинителство или до Меѓународниот кривичен суд, бидејќи геноцидот е најтешко кривично дело кое не застарува.

33 Пратениците на ВМРО ДПМНЕ децидни: Францускиот предлог за македонскиот народ е неевропски, нехуман, нечовечки, скандалозен и дискриминирачки, Нова Македонија, 15.07.2022: „Францускиот предлог и сите кои сметаат дека е единствен, најдобар и последен ќе направи нов и до сега невиден геноцид врз македонскиот народ“ (Дафина Стојановска); „Со францускиот предлог сведоци сме на страшен геноцид“ (Ангелина Петкова).

34 Видете Мери Јордановска, Контраспин: Непостоечки економски геноцид и наводни спасувачки блокади на институциите – спин до спин во говорот на Мицкоски, 20.07.2022.

35 „Изјава за национална припадност“ која со години е предмет на манипулации и во медиумите и на

Ваквите дезинформаторски наративи и манипулации креваа националистичка паника, подгреваа етнички страсти, поттикнуваа омраза и нетрпеливост кон ЕУ и Бугарија и натамошни внатрешни поделби на линија „патриоти“ и „предавници“.

## Наративи со дезинформации и теории на заговори за државата и нејзината иднина

Лидерот на најголемата опозициска партија Мицкоски го отфрли „изменетиот францускиот предлог“[36] опишувајќи го како пораз и „капитулација без одлагање“,[37] манипулирајќи дека „францускиот предлог не нуди почеток на македонската евроинтеграција“,[38] и дезинформирајќи дека ги содржел „сите бугарски барања“.[39]

И неговиот заменик Николоски бараше „Владата итно да го отфрли предлогот од Париз со кој се прави бугаризација и уништување на Македонија“.[40]

Една пратеничка ги обвини „велепредавниците од власта“ дека со францускиот предлог „ќе ја погребат Македонија“.[41]

**Националистичкиот дискурс за „разнебитувањето“ на Македонија беше негуван и од невладини организации и академици, а во контекст на преговорите со ЕУ беше претходно најавен и во проглас од потпишан повеќе интелектуалци.**

Дискурсот за „разнебитување“ го промовираа и други видни политичари на ВМРО-ДПМНЕ. Ветераните на ВМРО-ДПМНЕ почнаа да го нарекуваат „францускиот предлог за разнебитување на Државата“,[42] откако поранешниот претседател Иванов споменуваше „подли игри за разнебитување на Македонија“ и обвини за „национално предавство“.[43] Еден поранешен амбасадор во Бугарија, и кандидат за претседател на ВМРО-ДПМНЕ, истакна дека „Францускиот предлог нè фрла во амбис“.[44]

социјалните мрежи. Од изјавата, која се користи во практика при упис само за реализација на владините одлуки за „дополнителни квоти за запишување на студенти кои не се мнозинство“, не може да се извлече валиден заклучок дека „Македонците веќе уште денес ги нема“. Студентите Македонци се третираат како мнозинство од администрацијата на факултетите, и затоа ги нема во изјавата што се користи при реализација на владините одлуки за „дополнителни квоти за запишување на студенти кои не се мнозинство“.“ (Претседателот на МАНУ Коцарев дезинформира дека „Македонците веќе уште денес ги нема“, ИМА, 13.09.2022)

[36] Северна Македонија од ЕУ добива нови формулации, DW, 01.07.2022.

[37] Мицкоски го отфрли „францускиот предлог“ и побара избори за спас на Македонија, РСЕ, 18.07.2022

[38] Мицковски за „Политика“: Францускиот предлог не нуди почеток на македонската евроинтеграција, Канал 5, 11.07.2022

[39] Доволно е да се спореди преговарачката рамка (т.н „француски предлог“) со барањата на Бугарија од „Рамковната позиција“, за да се согледа невистинитоста на исказот.

[40] Николоски: Владата итно да го отфрли предлогот од Париз со кој се прави бугаризација и уништување на Македонија, Макфакс, 22.07.2022

[41] Ласовска: Со францускиот предлог велепредавниците од власта ќе ја погребат Македонија, 24инфо, 15.07.2022

[42] Ниту може некој да не заплаши, ниту ќе се повлечеме од оваа битка за спас на Македонија, Македонска нација, 06.07.2022

[43] Иванов: Отфрлете го францускиот предлог, тоа се подли игри за разнебитување на Македонија, Фокус, 02.07.2022, Ѓорѓе Иванов: Македонскиот народ повторно е сведок на национално предавство, Ситeл, 02.07.2022

[44] (Интервју) Марјан Ѓорчев: Францускиот предлог нè фрла во амбис и води кон сериозни проблеми, Макфакс, 07.07.2022

Дискурсот за разнебитување на Македонија со „францускиот предлог“ беше забележлив и на протестите каде што се истакнуваа паролите „„Не“ за разнебитување на Македонија, „Не“ за заборав на македонскиот народ“, итн.[45] Националистичкиот дискурс за „разнебитување на нашата државност“ во контекст на преговарачки процес со ЕУ беше подгреван и од други партии, како на пример Левица.[46]

Националистичкиот дискурс за „разнебитувањето“ на Македонија беше негуван и од невладини организации[47] и академици,[48] а во контекст на преговорите со ЕУ беше претходно најавен и во проглас од потпишан повеќе интелектуалци.[49]

## Наративи со дезинформации за историјата и „историската комисија“ во контекст на „францускиот предлог“

Во однос на „францускиот предлог“, во јавноста се креираше погрешна перцепција дека станува збор за „предлог во кој се наведени сите барања на официјална Софија за промена на историјата“,[50] иако повеќето од „историските барања“ на Бугарија не беа опфатени во „францускиот предлог“.

Покрај неоснованите заплашувања за бугаризација и комплетна асимилација,[51] беа ширени дезинформации дека „Бугарија ќе ја пишува македонската историја!“.[52]

Партијата Левица дури ја обвини „Комисијата за бугаризација на македонскиот народ“ дека била во служба на „врховизмот“.[53] Мета на непоткрепени обвинувања за „распродавање на историјата“ беше особено претседателот на комисијата.[54]

По објавувањето на заедничките препораки, македонскиот тим на

[45] Осми ден протести и барање за отфрлање на „францускиот предлог“, ВОА, 11 јули, 2022

[46] „Кулминацијата на ваквото разнебитување го сведочиме токму денес на меѓувладината конференција во Брисел, со која македонизмот, како сламка за спасот на Владата, се жртвува на олтарот на ЕУ.“ (Меѓувладината конференција не ги отвора преговорите за ЕУ туку се заложува за спроведување на бугарските шовинистички барања, levica.mk, 19.07.2022).

[47] „Македонската држава никогаш не смее да поддржи преговарачки процес со ЕУ, кој ќе стане основа на разнебитување на нашата државност, загрозувајќи ја внатрешната и регионалната стабилност кон несогледливи последици.“ (Преговорите со ЕУ не смее да станат основа на разнебитување на државноста, Нова Македонија, 20.06.2022)

[48] Катица Кулафкова предупредува на велепредавство: Македонија е на прагот на целосна разнебитеност, А1он, 02.07.2022, Коцарев: Сите документи што не се конзистентни со основните премиси на македонизмот, значат разнебитување на Македонија, Република, 21.07.2022.

[49] Видете го прогласот Македонизмот е легитимна еманципаторска идеја. Чуму ѝ е на Европа една размакедончена Македонија?, mkd.mk: „Македонија, токму затоа, не може и не смее да прифати цената за добивање датум за почеток на пристапните преговори за членство во Европската Унија да биде разнебитување на историски заокружениот легитимен процес на конституирање на македонската нација и нејзиното размакедончување“.

[50] Манифест на македонските учители, А1он, 12.07.2022.

[51] На пример, Мицкоски манипулираше дека сето она кое што е содржано во првата резолуција на Бугарскиот парламент од 2019 година било прифатено во протоколот: „Првото е што еден од документите се повикува на протоколот од втората меѓувладина конференција со Бугарија каде што практично се наоѓаат и историјата и образованието и споменициите и културата, сето она кое што е содржано во првата резолуција на Бугарскиот парламент од 2019 година и ако ние тоа го прифатиме, го прифатиме тој протокол практично комплетна асимилација е пред нас.“ (Мицкоски: Ако се прифати овој предлог, се прифаќа комплетна асимилација и алатка на Бугарија да ја блокира Македонија кога сака, Република, 06.07.2022.)

[52] „Народот се мобилизира против бугаризацијата на Македонија – нема нов предлог!“, levica.mk, 01.07.2022

[53] Драги Ѓорѓиев и историската комисија во целосна служба на врховизмот, levica.mk, 16.08.2022

[54] На пример, Котеска за Ѓорѓиев: Замисли да добиваш академска награда од Македонија и потоа да ја распродадеш нејзината историја, Expres.mk, 19.08.2022.

**Покрај неоснованите заплашувања за бугаризација и комплетна асимилација, беа ширени дезинформации дека „Бугарија ќе ја пишува македонската историја!“.**

Историската комисија реагираше и на неоснованите обвинувања за наводна „бугаризација“,[55]давајќи контра-аргументи за бројните „клевети, обвинувања и манипулации за ненаучност, предавство и бугаризација“.[56]

ИМА укажа дека „...пристрасни толкувања на бугарски историчари беа искористени за ширење дезинформации и за распламтување на националистички страсти“.[57] Бројните дезинформации, шпекулации и тенденциозни толкувања на објавените препораки не беа искористени само за кревање паника, туку и за натамошни обвинувања за „национално предавство“, и за поттикнување на омраза (кон „северцанобулгарите“) и кон „предавниците“ на социјалните мрежи.[58]

## Дезинформаторски наративи со запалива реторика „ние-другите“

Јавната расправа за предлозите од страна на ЕУ беше проследена со бројни дезинформации, обиди за кревање јавна паника, но и нетранспарентност и нереактивност од страна на властите, во однос на дезинформирачките наративи кои го зајакнуваа говорот на омраза кој поттикнува насилство.[59]

Покрај обвинувањата на ВМРО-ДПМНЕ дека министерот Бујар Османи не работел во интерес на Македонија, туку на Албанија,[60] за таа да почне преговори,[61] на протестите се ширеа дискриминаторски пораки не само против „Бугар Османи“,[62] туку и други антиалбански пораки.

---

[55] Македонскиот тим на Историската комисија: неосновани се обвинувањата за наводна бугаризација, РСЕ, 18.08.2022

[56] Историчари: Препораките се пораз на историските митови, DW, 18.08. Исто така, Реакција на Историската комисија: Продолжува ширењето невистини за нашето работење, Мета, 22.08.2022

[57] На пример, следниве толкувања немаат фактичка поткрепа во објавените препораки: „... дури и децата во Хрватска, во Словачка и во други словенски држави би требало да учат дека просветителската мисија на Кирил и на Методиј и на нивните ученици е „бугарски проект“.“ Никаде во препораките не се среќава изразот „бугарски проект“, а и обвинувањата за „побугарчувањето на Кирил и Методиј“ немаат основа во објавените препораки. Дезинформации се и тврдењата дека комисијата прифатила дека Кирил и Методиј потекнувале и „твореле во средновековна Бугарија“. (Цар Самоил и Светите Кирил и Методиј злоупотребени за ширење дезинформации и поттикнување омраза, ИМА, 17.08.2022)

[58] Жарко Трајаноски, Цар Самоил и светите Кирил и Методиј злоупотребени за ширење дезинформации и за поттикнување омраза, Слободен Печат, 19.08.2022.

[59] ИМА ги повика политичарите, новинарите и сите учесници во јавната дебата да престанат да шират флагрантни дезинформации и да креваат јавна паника во текот на јавната расправа за предлозите од страна на ЕУ. ИМА ги повика и надлежните институции да ја информираат јавноста за секој аспект од почетокот на преговорите и да преземат итни мерки за идентификување и разобличување на дезинформирачките наративи кои го зајакнуваат говорот на омраза кој поттикнува насилство. ИМА: Политичарите и медиумите да престанат да шират говор на омраза и дезинформации, институциите да преземат мерки за спречување и казнување на говорот на омраза што предизвикува насилство, ИМА 06.07.2022

[60] Николоски тврди дека Османи работи во интерес на Албанија, а не Македонија, Независен, 26.06.2022

[61] Мицкоски: „Ние нема да почнеме сега преговори, тоа мора граѓаните да го знаат. Албанија ќе почне, не ние. Ние ќе треба да го смениме Уставот. Ние ова го потпишуваме за Албанија да почне преговори, не Македонија.“, Ние ова го потпишуваме за Албанија да почне преговори, а не Македонија, вели Мицкоски за францускиот предлог, Нова Македонија, 04.07.2022

[62] (Фото) БУГАР ОСМАНИ: Народот “му го промени името” на министерот за надворешни, Инфомакс, 05.07.2022

По насилните инциденти за време на францускиот предлог на 06.07.2022, лидерот на ВМРО-ДПМНЕ Христијан Мицкоски објави фотографија со тврдење „Ова е човекот кој требаше да ме убие вечерва“.[63] Мицкоски впери прст повторно кон Османи како најавувач на такво сценарио.[64] Анализа на Вистиномер оцени дека Мицкоски спинувал „без да изнесе никакви докази кои би укажувале на такво нешто“ и дека го искористил инцидентот на протестите за собирање политички поени.[65]

**Јавната расправа за предлозите од страна на ЕУ беше проследена со бројни дезинформации, обиди за кревање јавна паника, но и нетранспарентност и нереактивност од страна на властите, во однос на дезинформирачките наративи кои го зајакнуваа говорот на омраза кој поттикнува насилство.**

По насилниот инцидент на протестите против „францускиот предлог“, лидерот на ВМРО-ДПМНЕ изнесе сериозни обвинувања дека „идентификувавме пет луѓе, вработени во МВР, тие пукаа во народот“, „ангажираа лица вработени во МВР да пукаат во народот“, кои беа демантирани од МВР.[66]

Вистиномер оцени дека „претседателот на најголемата опозициска партија во својата изјава не нуди буквално ниту еден доказ за да го потврди своето тврдење дека „вработени во МВР пукале во народот“, изјава која сама по себе е исклучително сериозна и во ниту еден случај не смее да се дава паушално“.[67]

Насилните инциденти на протестите не беа само повод за политички спинови,[68] туку покренаа и лавина дезинформации во медиумите на македонски[69] и на албански јазик.[70] Дел од нив имаа тенденција да подгреваат меѓуетнички и меѓуверски тензии,[71] но и да ја подријат довербата во полицијата и обвинителството.[72]

Тензиите на протестите продолжија на 11 јули 2022, кога дел од учесници на

[63] Мицкоски: Ова е човекот кој требаше да ме убие вечерва, Сител, 06.07.2022

[64] Видете Владо Апостолов, „Бесот од францускиот предлог се истура врз соживотот“, БИРН, 07.07.2022: „„Сакам да потсетам дека ваквото сценарио го најави власта, министерот за надворешни работи, Бујар Османи“, рече вчера Мицкоски. Уште синоќа обвинувањето на Мицкоски загуби легитимитет зашто се покажа дека пиштолџијата , лут сопственик на хотелот веднаш до Скендербег, е поддржувач на Алијансата на Албанците, коалициски партнер на ВМРО-ДПМНЕ.“

[65] Мери Јордановска, Контраспин: Мицкоски го искористи инцидентот на протестите за собирање политички поени,, Вистиномер, 07.07.2022

[66] МВР „најостро и категорично“ ги демантираше „лагите кои претседателот на ВМРО-ДПМНЕ ги изнесе на српската телевизија Прва, дека уапсеното лице кое пукаше со пиштол при инцидентот на плоштадот Скендербег бил вработен во МВР“, апелирајќи „да не се изнесуваат лажни вести и дезинформации кои можат да доведат до забуна во јавноста“, Демант на МВР, 09.07.2022.

[67] Мери Јордановска, Мицкоски невистинито тврди дека „лицата кои пукале во народот“ на протестите се вработени во МВР, Вистиномер, 10.07.2022

[68] Видете Тео Блажевски, Контраспин: Чии се провокаторите на протестите, треба да откријат МВР и ЈО 07.07.2022.

[69] На пример, „Во тетовска, западна Македонија православни повеќе не живеат“, Македонија ќе се федерализира без оглед на тоа дали ќе влезе во ЕУ, смета бугарска аналитичарка!, Expres.mk, 07.07.2022, изјава која е проширена и медиуми на албански јазик.

[70] Видете Сефер Тахири, „Како известуваа медиумите на албански јазик за „францускиот предлог“?“, ИМА, 17.09.2022, за дезинформации во делот „Известување за протестите, акцент на антиалбанството“.

[71] Видете, на пример, Директорот на БЈБ не изјавил дека „Македонците ги нападнале Албанците“ – видеото е монтирано, Вистиномер, 10.07.2022

[72] Видете Ќе ѝ се извинат ли на јавноста политичарите, партиите и медиумите кои шират дезинформации за погрешен „пиштолџија“ кај Мавровка?, ИМА, 16.07.2022.
„Со погрешна фотографија се дезинформира јавноста за пукотниците кај Мавровка“, Вистиномер, 19.07.2022

протест против „бугаризација“ извикуваа „Чиста Македонија“, „за Шиптари гасна комора“ и ја пееја партизанската песна „А бре Македонче“ со изменетиот стих „нека разберат клетите Шиптари“.[73] На крајот на јули и претседателот Пендаровски укажа дека запаливата реторика кон останатите може да предизвика инциденти.[74]

## Наративи со дезинформации и манипулации за референдумот за „францускиот предлог“

Меѓу бројните медиумско-политички дезинформации и манипулации за „францускиот предлог“ се и тие дека ќе биде покрената иницијатива за референдум, на кој граѓаните ќе можат да се изјаснат ЗА или ПРОТИВ „францускиот предлог“ и уставните измени.[75]

Медиумите известуваа дека Мицкоски „ја иницираше идејата за референдум околу Преговарачката рамка, и откако опозицијата ја напушти седницата и не гласаше околу предлог-заклучоците“.[76]

Меѓутоа, референдумското прашање на актуелната граѓанска иницијатива што ја покрена Мицкоски воопшто не се однесува на преговарачката рамка (т.н. „француски предлог“), туку на Закон за ратификација на Договорот со Бугарија, објавен во Службен весник во почетокот на 2018 година.[77]

## Наративи со дезинформации, манипулации и шпекулации за говорот на омраза во контекст на „францускиот предлог“

Политичката пропаганда против „францускиот предлог“ се базираше и на дезинформации, манипулации и шпекулации за говорот на омраза. На пример, пред театрално да го искине „францускиот предлог“ во пропагандна ТВ емисија, поранешниот вицепремиер за евроинтеграции Ивица Боцевски, медиумски манипулираше со изразот „говор на омраза“, сугерирајќи дека

[73] Се интензивира говорот на омраза по повеќе основи: Пак ечи „Клетите Шиптари“ и „Чиста Македонија“, каде се јавноста и институциите?, ИМА, 14.07.2022.

[74] Пендаровски за „Фокус“: Имаме невидена реторика кон Албанците и антизападна, антиамериканска, антигрчка, антибугарска реторика, ИМА, 29.07.2022: „Ние имаме реторика кон Албанците која е невидена, потоа имаме антизападна, антиамериканска, антигрчка, антибугарска реторика на невидено ниво и се плашам дека некои нови генерации поведени од реториката на политичарите можеби ќе сакаат да испровоцираат инциденти.“

[75] Лидерот на ВМРО-ДПМНЕ Христијан Мицкоски, во гостување на ТВ Сител на 17 јули, експлицитно зборуваше дека ќе иницира референдум за преговарачката рамка и уставните измени: „…преговарачката рамка не е усвоена. Преговарачката рамка ќе се усвои откако ќе се случат уставните измени. Ако народот на референдум каже нема уставни измени – НЕМА, тогаш ќе бараме друга преговарачка рамка. Тогаш и Европа ќе знае дека народот на референдум рекол дека не прифаќа нови уставни измени… не е усвоена преговарачката рамка, а на референдум ако народот каже нема менување на уставот, тоа е тоа. На Европа, во Брисел ќе им кажеме народот така одлучи, ве молам дајте ни друга преговарачка рамка“.

[76] Видете и Мицкоски најави референдум за „францускиот предлог“: Ништо не е завршено! Фокус, 17.07.2022 и „Мицкоски во консултации за референдумот за францускиот предлог“, РСЕ, 24.07.2022.

[77] „Дали сте за напуштање на важноста на Законот за ратификација за Договорот за пријателство, добрососедство и соработка меѓу Македонија и Бугарија објавен во Службен весник од 18.01.2017?“ Видете повеќе во ВМРО-ДПМНЕ ги изманипулира граѓаните и медиумите: Нема референдум за „францускиот предлог“, преговарачката рамка и уставните измени, ИМА, 07.09.2022.

етничкото изјаснување „Македонец“ се сметало за говор на омраза во Бугарија.[78] „Експерти“ ширеа паранија дека секој негативен коментар против Бугарија ќе биде квалификуван како говор на омраза и кривично санкциониран.[79]

ВМРО-ДПМНЕ ширеше дезинформации и заплашувања дека францускиот предлог предвидува „санкционирање на секаква критика или поинакво мислење под превезот на говор на омраза“.[80]

**Министерот за надворешни работи укажа дека различните историски интерпретации не смееме да ги ставиме под говор на омраза, и дека говорот на омраза не е поврзан со работата на историската комисија, и појасни дека говорот на омраза се следи не само во Македонија, туку и во Бугарија.**

Медиумите објавува бројни шпекулации дека „во Македонија под превезот на „добрososедските односи“ ќе се најдат и бројни книги, документарни и играни филмови и ТВ серии, во кои централна тема е борбата со бугарскиот окупатор во текот на Втората светска војна“.[81] Се ширеа шпекулации дека „наводниот говор за омраза“ може „да биде злоупотребен за одмазда, казнување и апсење на луѓето што мислат различно од власта во Македонија“.[82]

Беа објавени и погрешни информации за измени на кривични дела во врска со говорот на омраза, во контекст на „францускиот предлог“.[83]

Министерот за правда укажуваше дека делот од Кривичниот законик каде што се споменува омраза предизвикана „врз основа на закон или ратификуван меѓународен договор“ нема никаква поврзаност со неодамна потпишаниот Билатерален протокол со Бугарија и дека „говорот на омраза не секогаш треба да го врзуваме со Бугарија, туку да му дадеме малку екстензивно значење“.[84]

Министерот за надворешни работи укажа дека различните историски интерпретации не смееме да ги ставиме под говор на омраза, и дека говорот на омраза не е поврзан со работата на историската комисија, и појасни дека говорот на омраза се следи не само во Македонија, туку и во Бугарија.[85]

---

[78] (ВИДЕО) Боцевски го искина францускиот предлог на телевизија: Ова е понижување!, Лидер, 21.06.2022: „Ако сега јас кажам јас сум Македонец, мојот јазик е македонски, Македонец е етникум и нација различен од бугарскиот, македонскиот јазик е различен од бугарскиот, тоа за Бугарија е говор на омраза. Така го разбираат. Ова е говор на омраза... Ако јас речам Гоце Делчев е Македонец, тоа е говор на омраза.“

[79] Ненад Живановски, Во добронамерноста на францускиот предлог не би поверувала ни наивна француска „собарица“, мкд.мк, 06.07.2022: „Секој негативен коментар од обичен граѓанин против бугарската држава и нација во јавниот дискурс или на социјалните мрежи треба да биде оквалификуван како говор на омраза и да биде кривично санкциониран, што не исклучува и закана од затвор.“

[80] ВМРО-ДПМНЕ: Францускиот предлог е пораз на македонската дипломатија, Макфакс, 5 јули 2022.

[81] И „ВОЛШЕБНОТО САМАРЧЕ“ ЌЕ СТАНЕ ГОВОР НА ОМРАЗА? Бугарите целосно ќе го обесмислат и АСНОМ, +инфо - 22.07.2022.

[82] Панде Колемишевски, Францускиот предлог е поле за нови кавги – не е за помирување, Нова Македонија, 12.07.2022.

[83] Видете Погрешни медиумски информации за измени на кривични дела во врска со говор на омраза, ИМА, 29.07.2022.

[84] Тупанчевски за РСЕ: Само институциите на нашата држава треба да одлучуваат по кривични пријави за говор на омраза, ИМА 22.07.2022

[85] Османи: Различните историски интерпретации не смееме да ги ставиме под говор на омраза, говорот на омраза не е поврзан со работата на историската комисија, ИМА, 27.07.2022

## Дезинформациски и потпалувачки наративи против политичари, медиуми и поддржувачи на „францускиот предлог“

Потпалувачките наративи со лажни обвинувања против политичари за „веле-предавство“ имаа тенденција да предизвикаат политички немири и дестабилизација.[86] На протестите против „францускиот предлог“, народни претставници од мнозинството со транспарент беа прогласени за „предавници на народот“.[87]

**Синхронизирани пропагандни напади со дезинформации беа забележани не само кон политичари (вклучително и со повици за насилство), туку и кон интелектуалци заради објавени лични ставови. Пропагандна хајка со повици за линч се водеше и кон членовите на историската комисија и нејзиниот претседател.**

Откако 68 пратеници гласаа „за францускиот предлог“, повеќе медиуми објавија „табло“ со фотографии на пратеници, со наслов „предавници на Македонија“, и бројни непоткрепени обвинувања. Пратениците беа „обвинети“ дека гласајќи за „францускиот предлог“ се согласиле „за предавство на Македонија и македонскиот народ, целосна бугаризација и асимилација на Македонија“, односно, дека се откажале од „македонската историја, македонскиот јазик, македонската култура и македонскиот идентитет“.[88]

Лидерот на Левица и пратеник во собранието Димитар Апасиев ги нападна новинарите на медиумите што известуваа од Брисел за започнатите преговори со ЕУ, со етикетите „проститутки“ и „соросписки журнализам“.[89] Левица повикуваше на протест против „квислинзите и домашните издајници“ кои „ги поставиле темелите за идното разнебитување на државата со која управуваат“.[90]

ВМРО-ДПМНЕ објави дури и видео во кое квази-суд ги осудува политичарите Ковачевски, Османи и Маричиќ со 101 година затвор за извршено велепредавство.[91]

Синхронизирани пропагандни напади со дезинформации беа забележани не само кон политичари[92] (вклучително и со повици за насилство)[93], туку и кон

[86] Видете Жарко Трајаноски, „Молотови коктели од проруска пропаганда, дезинформации и говор на омраза“, Независен, 18.07.2022: „Молотови пропагандни коктели со клетви, пцости и обвинувања за национално предавство се фрлаат врз политички партии и пратеници, со цел да се предизвика политички пожар и да се дестабилизира балканското „буре барут“.“

[87] „Пратеници-предавници на народот“ порачаа демонстрантите пред Собранието на деветтиот протест против францускиот предлог, 360степени, 12.07.2022

[88] Видете, на пример, Предавниците имаат име и презиме: Ќе се бара одговорност за сите понижувања на народот, Република, 17.07.2022

[89] Апасиев продолжува со брутални напади врз новинарите и ширење дезинформации, ИМА, 20.07.2022.

[90] Со кукавичко претседателство толку можеме – Пендаровски се откажа од писмените гаранции од Бугарија, levica.mk, 04.07.2022

[91] 101 година затвор за предавство кое Ковачевски, Османи и Маричиќ и го направија на Македонија, Youtube ВМРО-ДПМНЕ, 15.07.2022.

[92] Синхронизирани напади кон политичари на Википедија со дезинформации, поттикнување омраза и дискриминација, ИМА. 25.07.2022

[93] Говор на омраза од Австралија кој повикува на насилство врз политичари, ИМА, 28.07.2022

интелектуалци заради објавени лични ставови.[94] Пропагандна хајка со повици за линч се водеше и кон членовите на историската комисија[95] и нејзиниот претседател.[96]

## „Францускиот предлог“ како платформа за зајакнување на антизападни наративи

Дел од наративите со дезинформации за „францускиот предлог“ имаа за цел дополнително подривање[97] на довербата во ЕУ (и „Западот“), која беше драстично намалена по бугарското вето за почетокот на преговори со ЕУ.[98]

Двете најголеми проруски партии во Македонија (ВМРО-ДПМНЕ и Левица) секако имаат сознанија дека мнозинството нивни членови ја претпочитаат илузорната Евроазиска економска унија, како алтернатива на ЕУ,[99] па оттаму не зачудува што нивните штабови користат наративи сообразени со перцепциите на нивните поддржувачи.[100]

Токму затоа, не е изненадувачки што „францускиот предлог“ беше искористен како платформа за зајакнување на антизападни наративи од повеќе политички актери.

Политичкиот дискурс против „Европа“ олицетворена во „францускиот предлог“ беше користен на протестите од страна на лидерот на ВМРО-ДПМНЕ, со фразата „не ни треба Европа ако...“, претставувајќи ја како закана за Македонија, македонскиот идентитет, јазик, култура, историја и наследство.[101] Антиевропските наративи кулминираа во нападите со дезинформации и говор на омраза кон претставници на ЕУ и кон западноевропски лидери.[102]

На протеститете против „францускиот предлог“ имаше транспаренти, пароли и

[94] Говор на омраза и непримерни напади кон професорката Колозова за објавени лични ставови, ИМА, 28.07.2022

[95] ТВ АЛФА поттикнува на омраза и не брише коментари со повици за линч, ИМА, 19.08.2022

[96] Видете Контактна емисија злоупотребена од јавувачи за ширење говор на омраза и повикување на насилство, ИМА, 18.08.2022.

[97] Видете Сашо Клековски, Последна шанса!, Нова Македонија, 28.07.2022: „Каков било позитивен, оптимистички поглед на францускиот предлог може да биде заснован само на доверба во ЕУ и меѓународната заедница, доверба во СДСМ и ДУИ, и на доверба во Бугарија! А неа ја нема, потрошена е! ЕУ и меѓународната заедница и доверба тешко дека може да се употребат во иста реченица.“

[98] Видете Од пофалби до разочарувања: 2021 Анализа на јавното мислење за македонскиот процес на пристапување кон Европската Унија, Фондација Конрад Аденауер во Република Северна Македонија Институт за демократија „Социетас Цивилис“ – Скопје, февруари 2022, стр. 31.

[99] 56% од членовите на ВМРО-ДПМНЕ и 75% од членовите на Левица, би поддржале членство во Евроазиската унија, предводена од Русија, како алтернатива за членството во ЕУ. Види исто, стр. 24.

[100] Еден од идеолозите на Левица почна дури отворено да агитира дека ЕУ нема да постои во оваа форма до 2025, и дека „Русија ќе контролира голем дел од Источна Европа, ако не и Балканот“, Твит на Трајче Стојанов, https://twitter.com/majevtika/status/1548386898208387074

[101] Видете Мицкоски од протестот: Јас не сакам да бидам во Европа затоа што имам право да бидам Македонец, Телма, 02.07.2022: „...сите оние кои сакаат со потпис да стават крај на Македонија, ќе стават крај. Не ни треба Европа ако треба да се асимилираме, рече Мицкоски. Јас не сакам да бидам во Европа затоа што имам право да бидам Македонец, кој говори на македонски јазик и кој се бори за својата Македонија, за својот идентитет, за својата култура, за својата историја и за своето наследство.“

[102] Нападите со дезинформации, и досега незапаметениот говор на омраза кон претставничката на ЕУ, имаа за цел да ја спинуваат и помрачат нејзината позитивна и проевропска порака на македонски јазик. Види и Оркестрирани напади со говор на омраза и дезинформации кон фон дер Лајен и ЕУ, ИМА, 15.07.2022.

скандирања против „фашисти“,[103] а протестите беа опишувани како „манифестација на незадоволство на македонските граѓани против крајно навредливиот и фашизоиден предлог на ЕУ“.[104] Највисоките лидери на ЕУ беа нарекувани фашисти и споредувани со нацисти, дури и во Собранието.[105]

Пратеник од Левица од собраниска говорница тврдеше дека со францускиот предлог „се удоволува на фашистичките барања на Бугарија, бидејќи е нивна членка и тие се држат заедно.[106]

Теоретичарите на конспирации во „предлозите од Макрон“ гледаа „воведување европска диктатура врз македонскиот народ“, и „нова окупација на Бугарија врз Македонија“, споредувајќи ја со постапките на нацистичка Германија во Втората светска војна.[107] Во оваа теорија на заговор, „францускиот предлог“ беше опишуван како „инструмент да се реализира проектот  сегашната држава Северна Република Македонија да се припои кон државата Бугарија.“[108]

Ваквите неосновани историски аналогии, се дел од анти-западните наративи, кои се обидуваа да ја оцрнуваат ЕУ како „фашистичка творба“.[109] На пример, Мирка Велиновска, во гостување на проруската партија „Родина Македонија“, ја опиша Европа како наци-фашистичка а францускиот предлог како скандал со „наци-фашистички, европски, дивјачки“ лик.[110] Прорускиот пропагандист Миленко Неделковски за руски медиум го опиша „францускиот предлог“ како „последниот клинец во ковчегот во кој лежи трупот на поранешна Македонија“, кој го забива „фашистичка Бугарија“.[111]

Проруската партија „Родина Македонија“ иницираше и петиција  „за членство на Република Македонија во Евроазиската Економска Унија и БРИКС“, во која ги охрабруваше Македонците „да излезат од понижувачкиот отчовечен ГМО, трансродов, ЛГТБ, евроатлански свет и да се приклучиме на светот со богатства на култури, традиции, морални вредности, духовност.“[112]

И лидерот на проруската партија „Единствена Македонија“ го искористи

---

[103] (Во живо) Со фашисти не се преговара – започна протестот против францускиот предлог, Антропол, 06.07.2022.

[104] Ванковска: Престанете со пропаганда со која се обидувате да ги демонизирате протестантите, Антропол, 06.07.2022

[105] Бојаровски: Екстремен говор на омраза и напади врз западноевропски лидери, ИМА 17.07.2022: „За голема срамота и за жалење што од говорницата на Собранието, највисоките лидери на ЕУ беа наречени фашисти. Беше употребени најбрутална аналогија и дезинформација дека нацисти ни дошле дома за да не „стерилизираат нас Македонците“, како што ги стерилизирале лицата со наследни болести во нацистичка Германија во 1933 година.“

[106] (Видео) Крмов: Со „францускиот предлог“ се удоволуваат фашистичките барања – ние ќе бидеме вечно заклучени, Антропол, 16.07.2022

[107] Видете Панде Колемишевски, Францускиот предлог добар за државата – катастрофален за Македонците, Нова Македонија, 22.06.2022

[108] Панде Колемишевски, Една држава со Бугарија е крајната цел на францускиот предлог, Нова Македонија, 07.07.2022)

[109] Видете „За утре во Скопје најавен семакедонски протест пред седиштето на ЕУ под мотото НЕ за еутаназија на Македонија“, Слободен свет, 16.07.2022, каде што на прорускиот пропаганден сајт се опишува ЕУ како „фашистичка творба“ и се обвинува како „главен виновник за етноцидот врз македонците“.

[110] Мирка Велиновска во „Родински разговори“, 24.06.2022: „да прогласиш до крај жив народ за мртов, да му одземеш личен опис, идентитет, историја, култура, традиции, јазик, црква, се... овој скандал има еден лик, фашистички, наци-фашистички, европски, дивјачки... Европјаните не се цивилизирани, не се цивилизација... Македонија и македонскиот народ е цивилизација“.

[111] Эксперт: фашистская Болгария забивает последний гвоздь в гроб Македонии, 7.07.2022

[112] „ЕДЕН Е ИЗБОРОТ“ РОДИНА МАКЕДОНИЈА ГО ПРОГЛАСУВА ЗА УМРЕН!, Rodina.org.mk. 11.09.2022

францускиот предлог за ширење теории на заговор против „глобалистите во НАТО и ЕУ кои во спрега со домашните марионети сакат да избришат се што е македонско“[113] и против „марионетската влада“ која сака да ја подарува „македонската нација, јазик, историја на татарска Бугарија“.[114]

**Може да се детектира извесна сличност со проруските дестабилизирачки наративи од времето на политичките кризи од 2015-2018.**

Се разбира, може да се детектира извесна сличност со проруските дестабилизирачки наративи од времето на политичките кризи од 2015-2018. Со тоа што, наместо сеење идентитетски и егзистенцијален страв со „Украинско сценарио“, „Тиранска платформа“, „кантонизација“ и „федерализација“ (како во периодот 2015-2018), проруските пропагандни наративи сега обидуваат да втераат идентитетски и егзистенцијален страв со „Францускиот предлог“ како „Бугарско сценарио“ за „бугаризација“ и „асимилација“.

По обелоденувањето на „францускиот предлог“, на порталите на кои доминира руска милитантна пропаганда, најжестоки беа обидите за кревање паника за загрозеност на македонскиот идентитет и јазик, како и нападите за „национално предавство“ проследени со говор кој поттикнува омраза (и наплив од коментари кои повикуваат на насилство). И на социјалните мрежи беше забележително агитирање против „францускиот предлог“ од страна проруската армија партиски тролови, препознатливи по антизападните наративи „од името на народот“.

## Индиции и тврдења за руско пропагандно мешање

Тврдења дека Руската Федерација ги злоупотребува протестите против францускиот предлог изнесе јавно претседателот Пендаровски на 8 јули, укажувајќи дека Македонија е под интензивирани хибридни напади слични тие во 2018.[115] И во подоцнежно интервју, претседателот Пендаровски истакна дека Русите „преку политичката пропаганда прават обиди за влијание“,[116] укажувајќи дека изјавата на Лавров е дел од таа политичка пропаганда.[117] Исто така, претседателот Пендарововски истакна дека „Руската пропаганда, руските лажни вести, не само за војната во Украина, постигна одредени успеси кај населението во Западниот Балкан, пред се заради инертноста на ЕУ.“[118]

[113] Јанко Бачев, ФБ статус, 27.07.2022.

[114] Јанко Бачев, ФБ статус од 1.07.2022.

[115] Пендаровски ексклузивно на ТВ21: Руската федерација го злоупотребува тоа што граѓаните легитимно протестираат против францускиот предлог, ТВ21 08.07.2022: „Македонија во овој момент е под интензивирани хибридни напади слични на нивото кое го имавме во 2018 година... Трети страни, прецизно Руската Федерација го злоупотребува тоа што граѓаните легитимно протестираат против францускиот предлог“

[116] Интервју на претседателот Пендаровски за неделникот „Фокус“, pretsedatel.mk, 28.08.2022.

[117] За пропагандата на Лавров видете Жарко Трајаноски, Сергеј Лавров и руската „православна“ империјалистичка пропаганда, Независен, 27.07.2022: „Обвинувањето на Лавров дека Западот се обидувал Црногорците и Македонците да станат „инструменти во антируската игра“ е проследено со лажна аналогија – „исто како што се обидоа тоа да го сторат со Украина и со голем број други источноевропски земји“. Ништо ново од руската пропаганда, која ја користеше македонската политичка криза 2015-2017 за да го обвинува Западот за „украинско сценарио“. Но, токму руската пропаганда последнава деценија е доказ дека Русија настојува да ја претвори Македонија (и не само неа) во инструмент за антизападна игра.“

[118] Интервју на претседателот Пендаровски за неделникот „Фокус“, pretsedatel.mk, 28.08.2022: Никој не оди напред, ниедна од шесте држави не напредувала, па беше оставен бришан простор за алтернативни

Медиуми известија дека главен предизвик на АНБ биле „дезинформациите и хибридните закани кои ги имало и за време на дебатата и гласањето за францускиот предлог за откочување на евро-интеграциите“.[119] Директорот на АНБ укажа дека дека биле преокупирани со „справувањето со дезинформациите и хибридните дејствија“, и дека справувањето било успешно.[120]

Шефот на дипломатијата Бујар Османи пак обвини дека незадоволството во врска со „францускиот предлог“ е креирано од страна на политички центри што намерно пласираат лажни вести.[121]

Во оваа анализа се обидовме да дадеме одговор на прашањето „Какви наративи со дезинформации се ширеа за „францускиот предлог“?“. Прашањето „Кој ги ширеше дезинформациите за „францускиот предлог“?“ е само делумно одговорено. За покомплексен одговор, потребни се дополнителни истражувања и анализи, кои ќе ги подложат на проверка официјалните тврдења за руско пропагандно мешање, ќе ги земат предвид преземените мерки за борба против дезинформациите и хибридните напади, како и критиките кон властите за нетранспарентност.[122]

сценарија и руската пропаганда тука наиде на плодна почва. Не е случајно што драстично паѓа поддршката за ЕУ. Ако ЕУ продолжи со оваа политика кон Западен Балкан, руската пропаганда ќе биде се посилна.“

119 Европската интеграција со францускиот предлог- повод за деструктивни сили да ја нарушат безбедноста во Македонија, годишнина на Агенцијата за национална безбедност, Телма, 01.09.2022

120 Криминалот, корупцијата и хибридните закани остануваат предизвик на АНБ, Слободен печат, 01.09.2022: „Нашата стратешка определба за интегрирање во Европската Унија, и носењето на компромисни политички одлуки беше искористена како повод за деструктивни сили кои се обидуваат да ја нарушат стабилноста и безбедноста. И токму благодарение на таа одлична меѓуресорна координација и соработка, овој обид остана токму тоа…„обид”, нагласи Димовски.“

121 Османи: Северна Македонија деновиве е претворена во центар за лажни вести, Фокус, 18.08.2022

122 На пример, Бојаровски: „Научивме дека Владата падна на испитот на транспарентност и особено на подготовката на јавноста за еден вака сложен процес.“, Бојаровски: Екстремен говор на омраза и напади врз западноевропски лидери, ИМА 17.07.2022; Трајкоска - Нетранспарентноста за францускиот предлог создава простор за дезинформации, РСЕ, 11.07.2022.

# 3. КАКО ИЗВЕСТУВАА МЕДИУМИТЕ НА АЛБАНСКИ ЈАЗИК ЗА „ФРАНЦУСКИОТ ПРЕДЛОГ“?

Пишува: СЕФЕР ТАХИРИ

Медиумите на албански јазик имаа претежно афирмативно известување за „францускиот предлог“ за преговарачката рамка на ЕУ за почеток на преговорите за членство на Северна Македонија во Европската унија. Но, имаше случаи на сензационалистичко известување, како и случаи на дезинформации. За време на протестите организирани од македонската опозиција, медиумите на албански јазик се фокусираа на нивното антиалбанство и го потенцираа поттикнувањето на меѓуетничка омраза што се појави на овие протести.

## Афирмативно известување за францускиот предлог во медиумите на албански јазик

По 90-тите, кога во земјата започна демократскиот плурализам, политичкиот дискурс е доминиран од интегративната фразеологија. Од првата партија на Албанците, Партијата за демократски просперитет до денес, во политичката дебата, покрај прашањата поврзани со уставно-правниот статус на Албанците, висок интензитет на внимание му беше посветено и на процесот на пристапување на Македонија (подоцна Северна Македонија) во Европската Унија.

**Во таа насока, во информативниот простор на албански јазик во Северна Македонија, но и во регионот, доминираа извештаи со позитивна конотација за „францускиот предлог“, додека на неговите критичари им беше отстапен мал простор.**

Со оглед на тоа што политиката кај нас во голема мера ја обликува јавната и медиумската агенда, евроатлантскиот политички дискурс влијаеше и на медиумите.

И една површинска анализа на медиумскиот дискурс во изминатите 32 години јасно покажува дека пристапот на албанските медиуми кон евроатлантските интеграции е исклучиво позитивен. Тоа значи дека критиките за интеграцијата се претставени само како дневни информации. Политичарите, експертите или коментаторите кои ја критикуваа интеграцијата во ЕУ, не гледајќи ја како единствена алтернатива, добија минимален простор во политичките дебати, односно, тоа се случуваше поретко, само за да се исполни еден од основните новинарски стандарди, а тоа е балансирање (баланс) во известувањето, но и во другите новинарски жанрови, вклучително и телевизиски програми, како интервјуа, дебати и други формати.

Медиумите на албански јазик, политиката, но и научната мисла, по сè изгледа ја следеа филозофијата на албанските преродбеници, која вели дека „Сонцето за Албанците изгрева на Запад“.

Оваа уредувачка линија се следеше и при известувањето и дебатата за „францускиот предлог“ за решавање на споровите меѓу Скопје и Софија.

Во таа насока, во информативниот простор на албански јазик во Северна Македонија, но и во регионот, доминираа извештаи со позитивна конотација за „францускиот предлог“, додека на неговите критичари им беше отстапен мал простор, сметајќи ги тука и официјалните ставови на опозициската партија ВМРО – ДПМНЕ. Многу помалку простор и е отстапен на партијата „Левица“, поради нејзините постојани анти-албански и анти-косовски ставови, но и поради постојаните анти-европски и анти-НАТО ставови.

## Медиумите едногласни: Францускиот предлог е добар

Во медиумите на албански јазик, значителен простор беше даден на изјавите и ставовите на државните функционери за „францускиот предлог“ за преговарачката рамка меѓу Северна Македонија и ЕУ, во кој се вклучени и спорните прашања меѓу Скопје и Софија.

Медиумите на албански јазик и дадоа големо значење на изјавата на премиерот Димитар Ковачевски, но и на изјавите на министерот за надворешни работи Бујар Османи, претседателот на државата, Стево Пендаровски, официјални претставници, но и регионални политичари и дипломати, кои се изразија со позитивна интонација за предлогот.

Неколку примери на известување за политичките позиции во Северна Македонија кон францускиот предлог:

- Француски предлог, Ковачевски: Солидна основа за државна позиција ( ТВ Алсат, 01.07.2022 )[1].
- Османи: Новиот француски предлог е добар, последна шанса да се фати возот за ЕУ ( ТВ 21, 02.07.2022 )[2].
- Модифицираниот француски предлог е многу подобар од претходниот, оцени Пендаровски ( Порталб, 30.07.2022)
- Заев: Францускиот предлог можеби не е најдобар, но е добра основа за почеток на преговори ( ТВ Шења, 05.07.2022 )[3]
- Али Ахмети: Францускиот предлог не го загрозува македонскиот јазик ( ТВ Алсат, 14.07.2022 )[4]
- Села: Предлогот на Франција за решавање на проблемите со Бугарија треба да се третира сериозно (Фол.мк 30.06.2022 )[5]

Текстуалната анализа на горенаведените наслови покажува дека медиумите на албански јазик избрале афирмативни оценки за предлогот, бидејќи кај нив

[1] Propozimi francez, Kovaçevski: Bazë solide për pozicion shtetëror, објавено на порталот на ТВ Алсат на 01.07.2022

[2] Osmani: Propozimi i ri francez është i mirë, mundësi e fundit që ta kapim trenin për në BE, објавено на порталот на ТВ 21 на 02.07.2022

[3] Zaev: Propozimi francez mbase nuk është më i miri, por është bazë e mirë për fillimin e negociatave, објавено на порталот на ТВ Шења на 05.07.2022

[4] Ali Ahmeti: Propozimi francez nuk cënon gjuhën maqedonase, објавено на порталот на ТВ Алсат на 14.07.2022

[5] Sela: Propozimi i Francës për zgjidhjen e problemeve me Bullgarinë të merret me seriozitet, објавено на порталот на Фол.мк на 30.06.2022

доминира наративот дека станува збор за компромис. Впрочем, освен тонот на компромис што ја следи уредувачката политика на албанските медиуми, забележана е и тенденција предлогот да се претставува како безалтернативен (*последна шанса да се фати возот за ЕУ*). Од друга страна, имајќи ја предвид чувствителноста што ја има во „францускиот предлог“, имаше умерени извештаи, кои се на линија на незагрозување на етно-културниот идентитет на македонскиот народ ( *францускиот предлог не влијае на македонскиот јазик*).

Медиумите на албански јазик ги презентираа и позициите на македонската опозиција, иако квантитативно, споредено со афирмативните изјави на власта, тие се помалку на број. Ова се случуваше поради уредувачката политика на медиумите, но и поради динамиката на политичките случувања, во кои власта беше многу активна.

Еве неколку примери:

- Мицкоски: „Не“ за францускиот предлог, утре сите да излеземе на протест! ( Клан Македонија, 01.07.2022 )[6]
- ВМРО-ДПМНЕ на протест, Мицковски: Не во Европа асимилирани ( Флака, 02.07.2022 )[7]
- Француски предлог: Апасиев најавува радикализација на протестите ( Клан Македонија, 04.07.2022 )[8]

Медиумите на албански јазик дадоа простор и за ставовите на лидерот на македонската опозиција, кој во форма на прашање се противи на изјавата на албанскиот премиер Еди Рама дека францускиот предлог е во интерес на Македонците и Албанците од Северна Македонија (*Мицкоски: Од каде знае Еди Рама дека францускиот предлог е добар?*!, портал Флака, 30.06.2022 )[9]. Рама на Твитер напиша: „Последниот француски предлог, кој е и конечен, и дава можност на Северна Македонија да прифати без резерва и го отвора патот за официјален почеток на преговорите за членство на двете земји во Европската Унија! Им велам на браќата Македонци и Албанци во СМ: Прифатете!“. (*Еди Рама има барање до Албанците и Македонците од Северна Македонија* , Порталб, 30.06.2022 година )[10].

И медиумите на албански јазик му дадоа значителен простор на повикот на српскиот претседател Александар Вучиќ граѓаните на нашата земја да не го отфрлат европскиот предлог без добро да размислат, што имаше тенденција на ублажување на големиот гнев создаден против овој предлог во различни кругови, не само кај етноцентричната десница, туку и меѓу оние што сите овие години се истакнуваат како луѓе што ги промовираат евроатлантските вредности. (Француски предлог: Вучиќ има апел за Македонците, ТВ Алсат, 07.07.2022 година )[11].

---

6 Mickovski: Jo propozimit francez, nesër të dalim të gjithë në protesta, објавено на порталот на ТВ Клан 01.07.2022

7 VMRO-DPMNE në protestë, Mickovski: Jo në Evropë të asimiluar, објавено на порталот flaka.com.mk на 02.07.2022

8 Propozimi francez: Apasievi paralajmëron radikalizimin e protestave, објавено на порталот на ТВ Клан на 04.07.2022

9 Mickoski: Nga e di Edi Rama se propozimi francez është i mirë?!, објавено на порталот flaka.com.mk на 30/06.2022

10 Edi Rama ka një kërkesë për shqiptarët dhe maqedonasit e Maqedonisë së Veriut, објавео на порталот portlab.mk на 30.06.2022

11 Propozimi francez/ Vuçiq ka një apel për maqedonasit, објавено на порталот на ТВ Алсат на 07.07.2022

## Побивање на необјавени дезинформации

На 8 јули 2022 година во македонските медиуми со проопозициска уредувачка политика или со антивладини позиции, молскавично се рашири изјавата на чешката аналитичарка, Јана Јузова. Според она што таа наводно го слушнала од чешкото МНР, „Тие се многу загрижени за Франција и Бугарија, а причината е што за предлогот не биле консултирани другите земји членки, туку само Бугарија“. Овие изјави Јузова ги даде на дебатата организирана од Институтот за европски политики, кој беше многу критичен кон францускиот предлог, на тема „Западен Балкан и ЕУ во 2022 година: што не чека?“ Оваа изјава дури се појави и во некои меѓународни медиуми на македонски јазик ( Дојче Веле, 07.08.2022 )[12].

**Друга изјава на аналитичарка, исто така, ја истакна тенденцијата на дел од медиумите, главно во онлајн-сферата, да користат сензационалистички методи на известување за добивање кликови, дури и кога станува збор за (меѓу)етнички прашања, кои се многу чувствителни на Балканот.**

Медиумите на албански јазик, иако не го пренесоа ставот на аналитичарката Јузова, посветија многу простор на ставот на чешкиот амбасадор во Северна Македонија, Јарослав Лудва, што всушност беше реакција на ставот на аналитичарката. (Лудва: Подготвени сме за непречено спроведување на францускиот предлог штом Скопје го одобри, Телеграфи, 10.07.2022 )[13]. Слична содржина како „Телеграфи“ објавија и други медиуми, кои го цитираа чешкиот амбасадор, кој рече дека неговата земја како актуелен претседавач со Советот на Европската унија е подготвена да придонесе за непречено спроведување на францускиот предлог.

Во меѓувреме, некои албански медиуми, иако малку на број, и покрај нивната про-интеграциска уредувачка политика, дадоа простор на анализата на професорот по политика и историја на Југоисточна Европа на Универзитетот во Грац, Флоријан Бибер, објавена на Твитер. Тој во седум точки објасни зошто, според него, францускиот предлог за почеток на преговорите за членство на Северна Македонија во ЕУ е „погубен за проширувањето“ на ЕУ и не е добар за земјата. Дел од медиумите, на некритички и трансмисивен начин, известуваа за ставовите на Бибер, кои се, секако, индивидуални, но тие не се аргументираат со конкретни тези, вклучително и ставот дека сето ова ќе доведе до, како што вели тој, „ *погреб на процесот на проширување* “ ( Лајм[14], 07.06.2022, Телеграми[15] , 07.06.2022, Телеграфи[16] , 07.06.2022).

[12] „Чешка е вознемирена поради францускиот предлог“, објавено на порталот на Дојче Веле на македонски на 08.07.2022

[13] Ludva: Jemi të gatshëm për zbatim pa probleme të propozimit francez sapo ta miratojë Shkupi, објавено на порталот telegrafi.com на 10.07.2022

[14] Bieber: Propozimi francez është i padrejtë ndaj Maqedonisë, dëmton imazhin e BE-së, објавено на порталот lajmpress.org на 06.07.2022

[15] Florian Bieber:Propozimi francez për zhbllokimin e bllokadës bullgare është një fatkeqësi për zgjerimin…, објавено на 06.07.2022

[16] Bieber: Propozimi francez është i padrejtë ndaj Maqedonisë, dëmton imazhin e BE-së, објавено на порталот Telegrafi.com на 06.07.2022

## Сензационално известување за став на аналитичарка

Друга изјава на аналитичарка, исто така, ја истакна тенденцијата на дел од медиумите, главно во онлајн-сферата, да користат сензационалистички методи на известување за добивање кликови, дури и кога станува збор за (меѓу)етнички прашања, кои се многу чувствителни на Балканот.

Медиумите на албански јазик ја пренесоа изјавата на бугарската аналитичарка Зорица Илиева, која за бугарската ТВ Поглед изјави дека Северна Македонија ќе се федерализира. На 9 јули албанските медиуми (Ина онлајн портал[17] , по ртал Журнал[18] , портал Медиал[19] , портал Лајме.мк[20]) ја пренесоа изјавата на Илиева, првично објавена на порталот на македонски јазик Expres.mk[21] , но без аналитичко толкување на нејзините позиции. На пример, не беше побиено нејзиното тврдење дека во регионот на Тетово и Западна Македонија повеќе нема православни луѓе! Последниот попис на населението[22], но и самата општествена реалност докажува дека не само во Тетово, туку и низ западниот дел на државата живеат православни Македонци. Друга нејзина изјава, која е невистинита и ја дезинформира јавноста, е дека Универзитетот во Тетово е само на албански јазик. Вистината е дека македонскиот јазик може да се изучува и на Филолошкиот факултет[23] на овој универзитет. Исто така, медиумите низ годините пишуваа дека не е мал бројот на Македонци[24] кои студирале на Универзитетот во Тетово!

**Важно е медиумите да бидат внимателни при емитување чувствителни изјави, поточно оние кои имаат сензационалистичка конотација. Тие не само што ги искривуваат фактите, туку може да предизвикаат заострување на и онака кревките меѓуетнички односи.**

Затоа, важно е медиумите да бидат внимателни при емитување чувствителни изјави, поточно оние кои имаат сензационалистичка конотација. Тие не само што ги искривуваат фактите, туку може да предизвикаат заострување на и онака кревките меѓуетнички односи.

---

17 Maqedonia do të federalizohet pavarësisht se a do të hyjë në BE, vlerëson analistja bullgare, објавено на порталот Ина-онлајн.нет на 09.07.2022

18 Maqedonia do të federalizohet pavarësisht se a do të hyjë në BE, vlerëson analistja bullgare, објавено на порталот Журнал.мк на 09.07.2022

19 Maqedonia do të federalizohet pavarësisht se a do të hyjë në BE, vlerëson analistja bullgare, објавено на порталот Медиал.мк на 09/07.2022

20 Maqedonia do të federalizohet pavarësisht se a do të hyjë në BE, vlerëson analistja bullgare, објавено на порталот Лајме.мк на 09.07.2022

21 Македонија ќе се федерализира без оглед на тоа дали ќе влезе во ЕУ, смета бугарска аналитичарка!, објавено на порталот Експрес.мк на 09.07.2022

22 Резултати од пребарувањео на интернет страницата Попис2021, stat,gov на Државниот завод за статистика

23 Резултати од пребарувањето на интернет страница на Државниот универзитет во Тетово

24 “Branitellat” dhe ish ushtarët e “UÇK-së”, në listën pa pagesë të USHT-së, објавено на порталот portalb.mk на 18.09.2013

## Известување за протестите, акцент на антиалбанството

На протестите на опозицијата против „францускиот предлог“ што се одржаа во текот на месец јули 2022 година, имаше и многу извикувања со предрасуди и стереотипи за Албанците. Медиумите на албански јазик секогаш известуваа за скандирањата како „клетите ‘Шиптари’ “ во главните најави или на насловните страници на порталите (видео на официјалниот канал на ТВ Клан Македонија, 12.07.2022 година[25] ).

И за инцидентот што се случи на 6 јули, во кој дојде до судир меѓу дел од демонстрантите против „францускиот предлог“ и група Албанци на плоштадот Скендербег во Старата чаршија во Скопје, имаше извештаи кои се разликуваа, во зависност од јазикот што се користи. Во албанските медиуми лицето што пукаше од пиштол, Исуф Кока, беше претставен како човек кој ова дејствие го направил во одбрана на својот имот. Насловот на порталот Њуз 33[26] „Пукал со пиштол во воздух за да го заштити имотот од демонстрантите, Исуф Кока е уапсен“ најблиску ја отсликува општата линија на уредувачката политика при известувањето за овој инцидент.

Во некои други медиуми дури се појавија информации со етно-фолклорни мотиви, бидејќи во нив се вели дека Кока, познат во јавноста како Цуфи, со пиштол ја бранел статуата на Скендербег ( портал Факсвеб[27] , 07.08.2022). Од друга страна, во ниту еден случај нема известувачка интонација со која се осудува употребата на оружје, и покрај фактите кои подоцна се докажуваа при експертизата, меѓу другото, дека еден од обвинетите употребил и оружје што не е огнострелно.

## Кратки заклучоци

Како заклучок, можеме слободно да констатираме дека во медиумите на албански јазик доминира уредувачка политика која го фаворизира процесот на интеграција во Европската унија, дури и гледајќи го како единствена алтернатива за иднината на граѓаните на Северна Македонија. Тоа значи дека нема медиуми во кои може да се прочитаат содржини против европските вредности, односно такви што во голема мера им даваат простор на антизападните гласови.

Од друга страна, за вреднување е известувањето и конструктивниот пристап за чувствителните идентитетски прашања во однос на соседната земја – Бугарија.

Во контекст на протестите, бидејќи Албанците се нивна целна група, албанските медиуми ставаат акцент на изразување на незадоволствата од францускиот предлог, користејќи македонско-центричен наратив, кој бил, и за жал, продолжува да биде анти-албански.

[25] Sërish shahen shqiptarët në protestat kundër propozimit francez, објавено на Јутјуб каналот на ТВ Клан на 12.07.2022

[26] Qëlloi me armë në ajër për të mbrojtur pronën nga protestuesit, arrestohet Isuf Koka, објавено на порталот Њуз33.тв на 06.07.2022

[27] Hakmerren maqedonasit ndaj shqiptarit që mbrojti me armë statujën e Skënderbeut, ja çfarë mase vendosi gjykata për biznesmenin, објавено на порталот Факсвеб.ал на 08.07.2022

# 4. ПРЕГОВОРИ СО ЕУ И БУГАРИЈА: МЕДИУМСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ ЈА ПОДДРЖУВААТ БОРБАТА ПРОТИВ ГОВОРОТ НА ОМРАЗА, КРИТИКИ ЗА НАЧИНОТ НА СПРОВЕДУВАЊЕ И ТРАНСПАРЕНТНОСТА

Пишува: ПЕТРИТ САРАЧИНИ

Справувањето со говорот на омраза стана еден од критериумите, според кои ќе се мери напредокот на Северна Македонија во исполнување на преговарачката рамка со ЕУ, но и во исполнување на Договорот за добрососедство и пријателство со Република Бугарија.

Тоа е формалниот епилог, но амбиентот во кој се одвиваше целиот процес на преговарање и јавната дебата за т.н.р „француски прелдог“ , новиот Протокол и спроведувањето на Договорот за добрососедство со Бугарија, беше тензичен.

Атмосферата во која се одвиваше јавната дебата повторно беше поларизирана, полна со дезинформации и говор на омраза. Како што веќе објави ИМА во анализата на Зоран Бојаровски[1], во овој период во кој беше актуелна оваа тема, можеше да се забележи голем пораст, или „експлозија“ на говорот на омраза.

## Што содржат документите за говорот на омраза, каков ефект би можеле да имаат врз медиумите и јавната комуникација?

Во Општиот став на министерски состанок на меѓувладината конференција за завршување на отворањето на преговорите за пристапување на Северна Македонија во Европската Унија[2], односно „францускиот предлог“ како што широко беше прифатено во јавноста, во точката 35. меѓу другото се вели дека „Северна Македонија преку инклузивен процес ќе усвои Акциски план посветен на заштита на правата на припадниците на малцинствата или заедниците, вклучително, меѓу другото, на полето на недискриминација, борба против говорот на омраза, образование, воспоставување ефективни мерки, механизми за известување и идентификување на соодветните одговорни институции. Спроведувањето на овој патоказ и Акциски план постојано ќе се следи и редовно ќе се разгледува на Меѓувладините конференции во текот на целиот процес“.

[1] Експлозија на говор на омраза за време на јавната дебата за „францускиот предлог“, објавено на порталот на ИМА на 06.08.2022

[2] Општиот став на министерски состанок на меѓувладината конференција за завршување на отворањето на преговорите за пристапување на Северна Македонија во Европската Унија („францускиот предлог), објавен на интернет страниицата на Владата на Северна Македонија на 05.07.2022

*Северна Македонија затоа ќе биде поканета да подготви патоказ за поглавјата за владеење на правото (23 - Судство и основни права и 24 - Правда, слобода и безбедност). Овој патоказ ќе биде усвоен од властите на Северна Македонија врз основа на насоките што ќе бидат дадени во извештаите од скринингот од страна на Комисијата и по транспарентен процес на значајни консултации со сите релевантни чинители, вклучително и граѓанското општество. Патоказот треба да ги содржи клучните реформски приоритети и да ги води пристапните преговори во овие поглавја и подготовките за исполнување на барањата за членство. Северна Македонија преку инклузивен процес ќе усвои Акциски план посветен на заштита на правата на припадниците на малцинствата или заедниците, вклучително, меѓу другото, на полето на недискриминација, борба против говорот на омраза, образование, воспоставување ефективни мерки, механизми за известување и идентификување на соодветните одговорни институции. Спроведувањето на овој патоказ и Акциски план постојано ќе се следи и редовно ќе се разгледува на Меѓувладините конференции во текот на целиот процес*

Говорот на омраза е споменат и во Протоколот за спроведување на Договорот за добрососедство и пријателство со Република Бугарија[3] (којшто првично протече во македонските медиуми преку бугарската агенција БГНЕС), во поглавјето I, за Активности што треба да се преземат пред првата меѓувладина конференција ЕУ - Република Македонија:

*Говор на омраза*

*Страните ја потврдуваат својата посветеност да преземат акција против говорот на омраза и ги назначуваат министерствата за надворешни работи како контакт точки за заедничка идентификација на такви случаи во натписите на јавни згради и споменици, текстови во учебници и наставни програми и во медиумите (вклучително и онлајн и социјалните медиуми).*

Страните ќе воспостават, без одлагање, соодветна процедура и конкретни чекори за преземање брзи и ефективни активности во идентификувањето на таквите случаи.

Двете страни ќе преземат ефективни мерки за спречување на ненамерна пропаганда од институции и агенции и ќе ги обесхрабрат активностите на приватните субјекти насочени кон поттикнување насилство, омраза или други слични дејствија кои би можеле да им наштетат на нивните односи.

https://360stepeni.mk/bgnes-tselosniot-tekst-na-protokolot-megu-rsm-i-bugarija/

[3] Протоколот за спроведување на Договорот за добрососедство и пријателство со Република Бугарија од 17.07.2022

Дали и овој процес доволно транспарентен и јасен за сите на кои се однесува? Кои механизми и надлежни институции ќе постапуваат по овие критериуми? Кои дефиниции на говорот на омраза ќе се употребат, дали се доволни и дали се спроведуваат сегашните закони, ќе има ли промени? Дали може да дојде до злоупотреби на механизмите за нарушување на слободата на изразување? Каков ефект ќе има тоа врз медиумите, врз традиционалните и оние онлајн, каков ефект врз комуникацијата преку социјалните медиуми? Овие и други дилеми, беа дел од јавната дискусија.

Во однос на третирањето на говорот на омраза во контекст на преговорите со ЕУ и исполнувањето на Договорот за пријателство со Бугарија, побаравме став од професионалните и експертски медиумски организации во земјава.

Нивната поддршка за борбата против говорот на омраза е со акламација. Едногласна е и поддршката за спроведување на домашната легислатива и конвенциите на Советот на Европа кои се обврзувачки за нашата земја. Но, изразуваат одредени резерви во однос на начинот на спроведување на таа борба, транспарентноста, ефикасноста на постојните механизми и можностите за злоупотреба за нарушување на слободата на изразување.

## Синадиновска: Овие вредности се над сите дневни политики, нема транспарентност, загрижува имплементацијата

Најпрвин, на крајот на месец јуни 2022 година, кога овие прашања и преговорите беа најактуелни и во фокусот на јавноста а формулациите од документите веќе циркулираа по медиумите, ИМА побара став Советот на етика во медиумите во Македонија СЕММ и претседателката на Управниот одбор, Катерина Синадиновска. Таа тогаш посочи дека во однос на тие најави, конкретно за тој дел, не можат да се изјаснуваат, оти тие содржини произлегоа за жал не од домашните власти, кои требаше да бидат транспарентни, туку од бугарски медиуми.

„Клучно е да се знае дека во тој процес говорот на омраза треба да биде дефиниран според една од меѓународно прифатените работни дефиниции на поимот „говор на омраза“ (ООН, Совет на Европа) оти ако нема такви рамки многу е можно да се остави простор тоа да се претвори во лов на вештерки и удар врз слободата на говор. Прашањето е посебно деликатно, оти во конкретниов случај се однесува на ситуација на отворен проблем со сосед и тоа дава апсолутна потреба, се разбира, од воведување на принципот на реципроцитет во мониторингот на оваа појава и тоа не смееме да го заборавиме“, истакнува Синадиновска.

Она што ја загрижува, настрана од актуелностите со европските интеграции, е имплементацијата на законската легислатива за борба против говорот на омраза кај нас воопшто, не за Бугарија.

„Сите сме сведоци дека особено судската власт (но и МВР) мора да биде далеку поажурна, ама и посвесна за тоа дека е важно да се одржува оваа борба. Во сенката на настаните, некако се изгуби од вид дека оваа борба е универзална, цивилизациска и нема и не смее да има врска со Бугарија или заради Бугарија или ЕУ. Ова е наша обврска секако, еднакво како што е и на бугарската држава, без разлика на актуелниот спор и без разлика - или дотолку повеќе што се работи за земја членка.

Овие вредности се над сите дневни политики, па дури и меѓудржавни прашања, оти се човекови“, вели Синадиновска од СЕММ во одговорите на прашањата на ИМА.

*Катарина Синадиновска, СЕММ, 28.06.2022*

*1.Во однос на тие најави, конкретно за тој дел, не можеме да се изјаснуваме, оти тие содржини произлегоа за жал не од домашните власти, кои требаше да бидат транспарентни, туку од медиуми и тоа бугарски.*

*Клучно е да се знае дека во тој процес говорот на омраза треба да биде дефиниран според една од меѓународно прифатените работни дефиниции на поимот „говор на омраза“ (ООН, Совет на Европа) оти ако нема такви рамки многу е можно да се остави простор тоа да се претвори во лов на вештерки и удар врз слободата на говор. Прашањето е посебно деликатно, оти во конкретниов случај се однесува на ситуација на отворен проблем со сосед и тоа дава апсолутна потреба, се разбира, од воведување на принципот на реципроцитет во мониторингот на оваа појава и тоа не смееме да го заборавиме.*

*Она што мене ме загрижува, настрана од актуелностите со европските интеграции е имплементацијата на законската легислатива за борба против говорот на омраза кај нас воопшто, не за Бугарија. Сите сме сведоци дека особено судската власт (но и МВР) мора да биде далеку поажурна, ама и посвесна за тоа дека е важно да се одржува оваа борба. Во сенката на настаните, некако се изгуби од вид дека оваа борба е универзална, цивилизациска и нема и не смее да има врска со Бугарија или заради Бугарија или ЕУ. Ова е наша обврска секако, еднакво како што е и на бугарската држава, без разлика на актуелниот спор и без разлика - или дотолку повеќе што се работи за земја членка. Овие вредности се над сите дневни политики, па дури и меѓудржавни прашања, оти се човекови.*

## ЗНМ: Да не се дозволат злоупотреби, општа формулација за говорот на омраза може да предизвика цензура

Подоцна во овој период, во текот на август и почетокот на септември 2022 година, за говорот на омраза во контекст на преговорите со ЕУ и исполнувањето на Договорот за пријателство со Бугарија, ИМА побара став од уште неколку медиумски професионални и експертски организации со долгогодишно искуство во оваа област.

Во одговорите до ИМА, Здружението на новинарите на Македонија (ЗНМ) вели дека секогаш јавно и гласно реагира кога ќе препознае говор на омраза упатен кон новинарите и медиумските работници во земјава. Еден од резултатите, како што посочуваат, е и единствената правосилна пресуда во полза на ЗНМ за говор на омраза на социјални медиуми во локален контекст донесена во декември 2021 година. ЗНМ информира дека со останатите партнерски организации од медиумскиот сектор редовно иницираат јавни дебати за опасноста од говорот на омраза и последиците кога тој не се санкционира.

„Во случајот со третирањето на говорот на омраза во контекст на преговорите со ЕУ и исполнувањето на Договорот за пријателство со Бугарија, ставот на ЗНМ е дека говорот на омраза претставува кривично дело без разлика за каков контекст станува збор, кога има експлицитни примери за говор на омраза и институциите треба да покажат проактивност без разлика дали е пласиран на традиционални, дигитални или социјални медиуми. Само преку координиран и институционален одговор кон сторителите од страна на Јавното обвинителство и Министерството за внатрешни работи ќе може да се води ефикасна и ефективна битка со говорот на омраза.

Исто така важна улога во овој сегмент има и медиумскиот регулатор. Говорот на омраза може да предизвика тензии од етнички, религиски, партиски и други основи, посебно кога е пренесува од страна на националните телевизии и токму затоа медиумскиот регулатор има многу важна улога во превенцијата и санкцијата. Во контекст на преговорите со ЕУ, ЗНМ смета дека не би смеело да се дозволи одредени институции да ја злоупотребат својата надлежност, односно да не се дозволи една општа формулација за говорот на омраза да влијае врз слободата на говорот и мислата, односно да не се предизвика цензура“, стои во одговорот на ЗНМ до ИМА.

*Здружение на новинарите на Македонија ЗНМ, 24.08.2022*

*Здружението на новинарите на Македонија (ЗНМ) секогаш јавно и гласно реагира кога ќе препознае говор на омраза упатен кон новинарите и медиумските работници во земјава. Еден од резултатите е и единствената правосилна пресуда во полза на ЗНМ за говор на омраза на социјални медиуми во локален контекст која беше донесена во месец декември 2021 година. ЗНМ и останатите партнерски организации од медиумскиот сектор редовно иницираат јавни дебати за опасноста од говорот на омраза и последиците кога тој не се санкционира.*

*Во случајот со третирањето на говорот на омраза во контекст на преговорите со ЕУ и исполнувањето на Договорот за пријателство со Бугарија, ставот на ЗНМ е дека говорот на омраза претставува кривично дело без разлика за каков контекст станува збор кога има експлицитни примери за говор на омраза и институциите треба да покажат проактивност без разлика дали е пласиран на традиционални, дигитални или социјални медиуми. Само преку координиран и институционален одговор кон сторителите од страна на Јавното обвинителство и Министерството за внатрешни работи ќе може да се води ефикасна и ефективна битка со говорот на омраза.*

*Исто така важна улога во овој сегмент има и медиумскиот регулатор. Говорот на омраза може да предизвика тензии од етнички, религиски, партиски и други основи, посебно кога е пренесува од страна на националните телевизии и токму затоа медиумскиот регулатор има многу важна улога во превенцијата и санкцијата.*

*Во контекст на преговорите со ЕУ ЗНМ смета дека не би смеело да се дозволи одредени институции да ја злоупотребат својата надлежност, односно да не се дозволи една општа формулација за говорот на омраза да влијае врз слободата на говорот и мислата, односно да не се предизвика цензура.*

## Институт РЕСИС: Проблематично спроведувањето на Договорот, да се почитуваат постоечките обврски и правни инструменти на Советот на Европа за човековите права

Во Институтот РЕСИС сметаат дека како земја членка на Советот на Европа, нашата држава има преземено обврска да ги почитува и да ги применува сите правни инструменти на Советот на Европа за заштита на човековите права – пред се Европската конвенција за човекови права со одлуките на Европскиот суд за човекови права, но исто така и резолуциите, препораките и декларациите усвоени од Комитетот на министри и од Парламентарното собрание на СЕ.

„Неколку клучни документи на Советот на Европа се однесуваат токму на прашањето на говорот на омраза и во традиционалните медиуми и во онлајн сферата. Накусо, сите овие документи ја обврзуваат секоја земја да воспостави сеопфатна или холистичка регулаторна рамка за справување со говорот на омраза, која треба да се состои од различни правни, регулаторни, само-регулаторни и низа други мерки. Никаква нова обврска не треба да произлегува ниту за нас ниту за Република Бугарија, која е исто така членка на Советот на Европа, од Договорот за пријателство. Тоа значи дека следењето, идентификувањето и санкционирањето на говорот на омраза и во двете земји треба да се одвива како и досега, во рамки на воспоставениот систем од правни и други мерки“, посочуваат од РЕСИС.

Оттаму истакнуваат две проблематични ситуации во контекст на спроведувањето на Договорот за пријателство со Република Македонија е:

„Прво, внесувањето на министерствата за надворешни работи на двете земји како точки „... за контакт и за информирање на надлежните институции за заедничко идентификување на такви случаи, во написи на јавни згради и споменици, текстови во учебници и учебни програми, како и во јавниот простор.“ Ова целосно излегува надвор од воспоставената регулаторна рамка, особено поради тоа што ниту ова, ниту кое било друго министерство не може да има надлежност за следење, пријавување или постапување во поглед на кои било случаи на говор на омраза“, велат од РЕСИС.

Како второ, РЕСИС ја посочува комплексноста на проблемот на одредувањето на „говорот на омраза“ во контекст на односите меѓу двете држави, или, како што велат, апсурдноста и неприменливоста на оваа мерка, особено ако се има предвид дефиницијата на говорот на омраза дадена во Препораката 97(20) на Советот на Европа, според која говор на омраза се: „...сите форми на изразување кои шират, поттикнуваат, промовираат или оправдуваат разна омраза, ксенофобија, антисемитизам, или други форми на омраза засновани врз нетолеранција, вклучувајќи и нетолеранција изразена преку агресивен национализам и етноцентризам, дискриминација и непријателство кон малцинства, мигранти и луѓе со мигрантско потекло.“

„На пример, дали и како е можно една држава низ воспоставената регулаторна рамка да ја санкционира системската еманација на национализам или етноцентризам што потекнува од нејзините институции и политичари и е насочена кон народ на друга држава? Натаму, дали и како е можно другата држава низ воспоставената регулаторна рамка да го санкционира масовното незадоволство, нетолеранција, вклучително и говор на омраза што е реакција на нетолеранцијата и национализмот на првата држава?“, прашуваат од РЕСИС.

*Институт РЕСИС, Снежана Трпевска, 29.08.2022*

*Како земја членка на Советот на Европа, нашата држава има преземено обврска да ги почитува и да ги применува сите правни инструменти на Советот на Европа за заштита на човековите права – пред се Европската конвенција за човекови права со одлуките на Европскиот суд за човекови права, но исто така и резолуциите, препораките и декларациите усвоени од Комитетот на министри и од Парламентарното собрание на СЕ. Неколку клучни документи на Советот на Европа се однесуваат токму на прашањето на говорот на омраза и во традиционалните медиуми и во онлајн сферата. Накусо, сите овие документи ја обврзуваат секоја земја да воспостави сеопфатна или холистичка регулаторна рамка за справување со говорот на омраза, која треба да се состои од различни правни, регулаторни, само-регулаторни и низа други мерки. Никаква нова обврска не треба да произлегува ниту за нас ниту за Република Бугарија, која е исто така членка на Советот на Европа, од Договорот за пријателство. Тоа значи дека следењето, идентификувањето и санкционирањето на говорот на омраза и во двете земји треба да се одвива како и досега, во рамки на воспоставениот систем од правни и други мерки.*

*Она што е проблематично во контекст на спроведувањето на Договорот за пријателство со Република Македонија е:*

*(1) прво, внесувањето на министерствата за надворешни работи на двете земји како точки „... за контакт и за информирање на надлежните институции за заедничко идентификување на такви случаи, во написи на јавни згради и споменици, текстови во учебници и учебни програми, како и во јавниот простор.“ Ова целосно излегува надвор од воспоставената регулаторна рамка, особено поради тоа што ниту ова, ниту кое било друго министерство не може да има надлежност за следење, пријавување или постапување во поглед на кои било случаи на говор на омраза;*

*(2) второ, комплексноста на проблемот на одредувањето на „говорот на омраза“ во контекст на односите меѓу двете држави, или апсурдноста и неприменливоста на оваа мерка, особено ако се има предвид дефиницијата на говорот на омраза дадена во Препораката 97(20) на Советот на Европа, според која говор на омраза се: „...сите форми на изразување кои шират, поттикнуваат, промовираат или оправдуваат разна омраза, ксенофобија, антисемитизам, или други форми на омраза засновани врз нетолеранција, вклучувајќи и нетолеранција изразена преку агресивен национализам и етноцентризам, дискриминација и непријателство кон малцинства, мигранти и луѓе со мигрантско потекло.“ На пример, дали и како е можно една држава низ воспоставената регулаторна рамка да ја санкционира системската еманација на национализам или етноцентризам што потекнува од нејзините институции и политичари и е насочена кон народ на друга држава? Натаму, дали и како е можно другата држава низ воспоставената регулаторна рамка да го санкционира масовното незадоволство, нетолеранција, вклучително и говор на омраза што е реакција на нетолеранцијата и национализмот на првата држава?*

## МИМ: Одредбите нема да ги затоплат односите, обврските се асиметрични, невозможно е да се спроведат во пракса

Ниту ќе се „затоплат“ односите меѓу двете земји, ако е тоа намерата на овие одредби од Договорот, ниту е возможно тие да се спроведат во пракса, пред се` затоа што обврските меѓу двете држави се асиметрични, а официјалните позиции на Р.Бугарија со кои се негира македонскиот јазик и нација може да се квалификуваат како говор на омраза, велат од Македонскиот институт за медиуми на прашањата упатени од ИМА:

„Исто така, примената на одредбите од договорот не треба да се толкува на начин што може да претставува цензура за минати и идни дела од уметноста, културата и книжевноста. Евентуалното неспроведување ќе биде единствено на штета на нашата држава, што може да придонесе да се пролонгира стартот на преговорите на земјава со ЕУ во недоглед“, предупредуваат од МИМ.

*Македонски институт за медиуми, Билјана Петковска (05.09.2022)*

*Ниту ќе се „затоплат“ односите меѓу двете земји, ако е тоа намерата на овие одредби од Договорот, ниту е возможно тие да се спроведат во пракса, пред се` затоа што обврските меѓу двете држави се асиметрични, а официјалните позиции на Р.Бугарија со кои се негира македонскиот јазик и нација може да се квалификуваат како говор на омраза.*

*Исто така, примената на одредбите од договорот не треба да се толкува на начин што може да претставува цензура за минати и идни дела од уметноста, културата и книжевноста. Евентуалното неспроведување ќе биде единствено на штета на нашата држава, што може да придонесе да се пролонгира стартот на преговорите на земјава со ЕУ во недоглед.*

## Метаморфозис: Третирање според стандардите на Советот на Европа, потребна поголема ефикасност и отчетност на одговорните државни органи

Од Фондацијата Метаморфозис потсетуваат на нивните постојани укажувања дека во јавноста има многу манипулации во врска со поимот говор на омраза како правна категорија, неговата дефиниција и надлежностите за заштита од оваа злоупотреба на слободата на изразување. Според нив, краен резултат од тие манипулации, со кои се прави магла околу значењето на самиот поим, е овозможување на неказнивост за осомничените сторители и ширење на просторот за политички злоупотреби и на локално и на национално и на меѓународно ниво.

„Како и во врска со сите други ситуации, во однос на контекстот со преговорите со ЕУ и исполнувањето на Договорот за пријателство со Бугарија, важно е јасно одредување на критериумите за третирање на ова кривично дело

според стандардите на Советот на Европа, како и јасна комуникација со јавноста за критериумите и улогите на сите институции на системот при тој процес, особено оние кои се дел од судскиот систем. Потребата за зголемување на ефикасноста и отчетноста на државните органи одговорни за заштита на граѓаните во овој поглед со години е дел и од потребите искажани преку извештаите за напредокот подготвувани од Европската Комисија“, велат од Метаморфозис.

„Овој процес може да вклучува и дополнување на легислативата преку процес на широки јавни консултации и дебата со која ќе се подигне и јавната свест за вистинското правно значење на поимот, со директно вградување на судската пракса на Меѓународниот суд за човекови права од Стразбур, кој е највисоко судско тело за вакви случаи и во правниот систем на нашата земја“, посочуваат од оваа медиумска организација.

Едновремено, според Метаморфозис, процесот треба да вклучува и едукација на сите засегнати страни за сите аспекти на проблемот, особено правните, бидејќи е детектиран недостаток на знаење и свесност на скоро сите нивоа.

*Филип Стојановски, Метаморфозис (02.09.2022)*

*Фондацијата Метаморфозис уште од претходно постојано укажува дека во јавноста има многу манипулации во врска со поимот говор на омраза како правна категорија, неговата дефиниција и надлежностите за заштита од оваа злоупотреба на слободата на изразување. Краен резултат од тие манипулации, со кои се прави магла околу значењето на самиот поим, е овозможување на неказнивост за осомничените сторители и ширење на просторот за политички злоупотреби и на локално и на национално и на меѓународно ниво.*

*Како и во врска со сите други ситуации, во однос на контекстот со преговорите со ЕУ и исполнувањето на Договорот за пријателство со Бугарија, важно е јасно одредување на критериумите за третирање на ова кривично дело според стандардите на Советот на Европа, како и јасна комуникација со јавноста за критериумите и улогите на сите институции на системот при тој процес, особено оние кои се дел од судскиот систем. Потребата за зголемување на ефикасноста и отчетноста на државните органи одговорни за заштита на граѓаните во овој поглед со години е дел и од потребите искажани преку извештаите за напредокот подготвувани од Европската Комисија.*

*Овој процес може да вклучува и дополнување на легислативата преку процес на широки јавни консултации и дебата со која ќе се подигне и јавната свест за вистинското правно значење на поимот, со директно вградување на судската пракса на Меѓународниот суд за човекови права од Стразбур, кој е највисоко судско тело за вакви случаи и во правниот систем на нашата земја. Едновремено, процесот треба да вклучува и едукација на сите засегнати страни за сите аспекти на проблемот, особено правните, бидејќи детектираме недостаток на знаење и свесност на скоро сите нивоа.*

## Медиумската заедница бара повеќе транспарентност од институциите и неселективно спроведување и почитување на постечката меѓународна и домашна легислатива и механизми

Според изнесените ставови на медиумските професионални и експертски организации, може да се заклучи дека тие се едногласни дека говорот на омраза треба да се третира во рамки на меѓународно прифатените дефиниции, документи, конвенции и механизми што земјата се обврзала дека ќе ги почитува (најмногу се посочуваат механизмите на Советот на Европа), како и на домашната постоечка легислатива.

Но, преовладува и мислењето дека правните механизми се спроведуваат недоволно и селективно, дека надлежните органи не постапуваат во доволна мера, создавајќи култура на неказнивост.

Медиумските организации и експертите упатуваат забелешки за институциите и Владата во Северна Македонија, кои се однесуваат на недостаток на транспарентност во целиот процес на дефинирање на преговарачката рамка со ЕУ и протоколот со Бугарија.

Дел од нив ја сметаат дека е спорна улогата на министерствата за надворешни работи како механизам преку кој ќе се одвива справувањето со говорот на омраза во двете држави, бидејќи за тоа се надлежни министерствата за внатрешни работи и обвинителствата, или медиумскиот регулатор.

Дел од нив пак го поставува прашањето на реципроцитетот во овие односи, посочувајќи дека во јавноста државната политика на Бугарија и изјавите на многу тамошни политичари кои го негираат македонскиот идентитет и јазик се доживуваат како говор на омраза.

Медиумските организации и стручњаци сметаат дека во целиот процес треба особено да се внимава за да не се предизвика ефект на заладување и да не се дозволи една општа формулација за говорот на омраза да влијае врз слободата на говорот и мислата, односно да не се предизвика цензура.

Дел од одговорите на овие дилеми, сугестии и забелешки на медиумската професионална и експертска фела, веројатно ќе има кога ќе се конкретизираат акциските планови, за кои се зборува општо во преговарачките документи. Тие допрва треба да се создаваат.

Двете држави досега не се покажаа особено вешти и транспарентни во комуникациите во јавноста. Со тоа, тие често оставаа простор за влијание на шпекулациите, на конфронтирачките, пропаганситичките па и дезинформирачките наративи, кои создаваат дополнителна поларизација и омраза.

Во тие конкретни акции, ќе се види дали и на кој начин политиката, дипломатијата и институциите ќе воспостават соработка со медиумите, нивните организации и граѓанскиот сектор, во двете држави. Дали државите ќе изнајдат начини да ги акомодираат нивните барања и да ги адресираат резервите и стравовите од можностите за загрозување на слободата на изразување? Дали ќе се постават механизми внатре во државите но и меѓу нив, за да се постигне вклученост и конструктивна соработка на сите засегнати страни?

Воедно, факт е дека медиумската и јавната комуникација, особено кај дел од онлајн медиумите и на социјалните мрежи е дисторизирана од огромен наплив на говор на омраза и дезинформации. Напорите на медиумските организации да влијаат на нивно намалување преку саморегулаторните механизми, а и влијанието на државата преку постапките на надлежните институции, очигледно не вродува со повидливи резултати и има мошне ограничен ефект.

Затоа, соработката меѓу институциите, медиумите и граѓанскиот сектор внатре во двете држави но и меѓу нив, доколку се одвива како што треба, може да биде клучна во справување со штетите од говорот на омраза. Без таа соработка, борбата со оваа деструктивна појава ќе оди многу потешко. Тоа, како што се покажа и до сега, ќе има негативно влијание и на напорите за добрососедски односи, а со тоа и на европските перспективи за земјата.

# 5. ПАТОТ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА КОН ЕУ Е ПОД ЗАКАНА ОД НЕОЧЕКУВАН АКТЕР

Пишува: КАТЕРИНА КОЛОЗОВА

Голем дел од македонското граѓанско општество ѝ се придружи на десницата во отфрлањето на договорот со Софија и Брисел. Тоа е опасно.

Во текот на летото, предлогот на Европската Унија за разрешување на спорот на Северна Македонија со соседна Бугарија, која стави вето на нејзината кандидатура за членство во ЕУ, предизвика повеќе општествени потреси во оваа балканска земја. Македонската опозиција го отфрли она што стана познато како „француски предлог“ и повика на масовни демонстрации.

Откако македонската влада го одобри предлогот, а Софија го укина ветото, опозициските партии изјавија дека ќе гласаат против измените во уставот за усогласување со одредбите на документот. Во септември, опозицијата исто така објави дека бара референдум за напуштање на важноста на Договорот за пријателство меѓу двете земји од 2017 година, барање кое парламентот го отфрли – засега.

Разбирливо е тоа што опозицијата ја искористува ситуацијата за да бара политички придобивки. Но, на нејзиното противење на „францускиот предлог“ и на решението на спорот со Бугарија, ѝ се придружи мнозинството од прогресивното и про-ЕУ граѓанско општество.

Ова ја разоткри вознемирувачката реалност дека наводните поборници за интеграција во ЕУ се подготвени брзо да се откажат од неа, застапувајќи „алтернативи“ кои сигурно ќе го поткопаат демократскиот пат и стабилноста на Северна Македонија.

За да се разберат опасностите од оваа ситуација, важно е да се потсетиме како Северна Македонија стигна овде. По распадот на Југославија, заедно со Словенија, тогашната Република Македонија беше една од првите поранешни југословенски републики што доби признавање на нејзината независност од Европската заедница (сега Европската унија). Во 2005 година доби статус на кандидат за ЕУ. Сепак, поради споровите поврзани со нејзиното културно наследство и националната историја со соседите од ЕУ, Грција и Бугарија, таа беше оставена во чекалницата на ЕУ речиси 20 години, бидејќи почетокот на пристапните преговори беше одложен.

Спорот со Грција беше решен во 2018 година со потпишувањето на т.н. Преспански договор, кој го смени името на земјата во Северна Македонија и ги потврди нејзините права на етнички, културен, лингвистички и национален идентитет. Договорот за добрососедство од 2017 година требаше да постави рамка за решавање на спорот со Бугарија за историските проблеми, јазичните проблеми и проблемите со малцинските

права. Меѓутоа, во 2020 година, Софија наметна вето, наведувајќи непридржување кон договорот. Овој потег веројатно беше обид на владата на Бојко Борисов да го сврти вниманието од бранот протести, на кои се бараше нејзина оставка.

Настојувањето на соседите на Скопје да толкуваат каков треба да биде националниот и етничкиот идентитет на Македонците, трансформирајќи ги билатералните спорови во неофицијален услов за евроинтеграција на државата, предизвика разбирлива фрустрација во земјата.

Но, според сегашните правила на ЕУ, секоја членка на ЕУ има право на вето за започнување пристапни разговори за држави што не се членки на ЕУ. Франција, Данска и Холандија, на пример, претходно исто така ставија вето на пристапните преговори со Северна Македонија.

Претходно годинава, соочувајќи се со бугарската непопустливост за ветото и настојувајќи да му даде нов импулс на проширувањето на ЕУ на Западен Балкан, Брисел, под француско претседателство, состави преговарачка рамка за Софија и Скопје – она што стана познато како „француски предлог“. Бугарската страна се согласи со „францускиот предлог“ и го крена ветото, но македонската опозиција – вклучувајќи ги и десничарските партии како што е ВМРО-ДПМНЕ, со докажани врски со унгарскиот силник Виктор Орбан, како и националистичката наводно левичарска партија наречена „Левица“ - го отфрли, гледајќи во него премногу отстапки кон Бугарија за македонските идентитетски прашања.

Ги повикувам читателите да го погледнат документот и сами да просудат – тоа е стандарден, стерилен технократски документ, кој бара помирување меѓу двете земји во име на добрососедските односи.

Тој само на едно место упатува на Договорот за пријателство помеѓу Северна Македонија и Бугарија, како и на Договорот од Преспа. Тој разјаснува дека правата на бугарското малцинство во Северна Македонија треба да се признаат, што налага уставна измена. Ова е главното бугарско барање.

Навистина, документот исто така ѝ дозволува на Бугарија еднострано да ја оспорува посебноста на македонскиот јазик и веројатно да го прогласи за „бугарски дијалект“. Меѓутоа, таквата можност нема да влијае на фактот дека ЕУ го признава македонскиот јазик и посебноста на националниот идентитет на Македонците, што е прилично јасно во предлогот.

Но, опозициската кампања со дезинформации против документот успеа да привлече организации од граѓанското општество за кои се претпоставува дека се „неутрални“ и прозападни, кои исто кренаа транспаренти „НЕ за [оваа] ЕУ“ и „НЕ за ЕУ што сака да нè бугаризира“.

Вториот слоган звучи комично, но беше употребен крајно сериозно - повеќе тинк-тенкови објавија повеќе вакви анализи. Некои дури и почнаа јавно да се залагаат за алтернативи за членство во ЕУ, како што е Евроазиската унија, или регионално уредување долж границите на поранешна Југославија.

Како што сега стојат работите, тинк-тенкови, академски институции и невладини организации финансирани од ЕУ и САД во Северна Македонија не го поддржуваат признавањето на бугарското малцинство во македонскиот устав – со исклучок само на неколку.

На пример, Македонската академија на науките и уметностите го отфрли решително „францускиот предлог“. Ова не е многу изненадувачки, со оглед на тоа што таа е вкопана во еден атавистички „национален романтизам“, сличен на оној што го прифати Српската академија на науките во 1990-тите, додека ги поддржуваше војните на Слободан Милошевиќ во поранешна Југославија.

Македонските интелектуалци и граѓанското општество, кои застанаа на страна на националистите, охрабрија некои реномирани странски научници и експерти за Југоисточна Европа и Западен Балкан да претпоставаат дека нивната позиција е вистинската. Немам друго објаснување, освен дека моите драги странски колеги, кои заземаа став на „цврсти бранители на Македонците“, всушност не ги прочитале 25-те страници од документот.

Некои тврдат дека „францускиот предлог“ ја вовел историјата како критериум во процесот на пристапување. Јас имам различно мислење. Општата позиција на Советот на ЕУ само бара двата соседи да го решат нивниот спор, но не кажува на кој начин, и не во однос на историјата. На кој начин е ова „бугаризација“? Добрососедските односи – а со тоа и регионалната стабилност – се аспект од Копенхашките критериуми за пристапување во ЕУ.

Ако Северна Македонија се повлече од договорот со Бугарија по референдум или не ги исполни своите обврски за признавање на правата на бугарското малцинство во Уставот, тоа практично ќе го блокира нејзиното пристапување во ЕУ. И тоа не би било наметнување вето од Бугарија. Самиот Совет на ЕУ ќе го запре процесот поради неусогласување со условите за преговори наведени во „францускиот предлог“, придржувајќи се на одредбите од Копенхашките критериуми.

Несомнено, се соочуваме со растечка ксенофобија кон Бугарија и бугарското малцинство во Северна Македонија, комбинирани со зголемен евроскептицизам, што го става во опасност целиот процес на проширување на ЕУ. Ако ова не се адресира, демократскиот пат на Северна Македонија ќе биде тешко поткопан.

Имајќи ја предвид денешната геополитичка реалност, неврзаноста за мали земји како Северна Македонија не е вистинска опција. Така, Скопје треба да избере меѓу пристапување во ЕУ или Евроазиска интеграција, односно, врзување со Русија и Кина.

Северна Македонија е опкружена со соседни држави од ЕУ и, исто така, е среде регион што претрпе неодамнешни конфликти и кој останува немирен. Во овој контекст, врзување со не-ЕУ геополитички играчи може да доведе до регионална нестабилност, која би влијаела на цела Европа.

Токму затоа, мора да се адресира токсичноста во сржта на македонската политичка култура. Единствениот лек е културното приближување помеѓу Северна Македонија и Бугарија. Иницијативата Отворен Балкан, неформална политичка и економска зона формирана од Србија, Северна Македонија и Албанија, која сака да дејствува слично на ЕУ со свој „мини-Шенген“ (движење за отворени граници), може да биде корисна овде, ако се отвори за нејзините соседи од ЕУ: Бугарија, Грција и Хрватска.

*Превод на текстот North Macedonia’s EU path is under threat from an unlikely actor, Al Jazeera, 18.09.2022*

iM@